Во рамки на проектот ПХВ "Вкусот на културата" организирано од Црвен Крст, наставници и ученици од различни етнички заедници од ООУ "Страшо Пинџур" - Карбинци зедоа учество со презентација во која издвоија дел од традиционалните специјалитети од македонската и турската кујна во СОУ “ Коле Нехтенин “- Штип.

Реализирана е спортска активност со учениците од I до III одделение на Македонски и Турски наставен јазик со наставниците од одделенска настава и наставниците по Физичко и здравствено воспитување, во спортската сала на училиштето ООУ “Димитар Влахов“ Штип, како дел од активностите од проектот “МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО“ во соработка со учениците и наставниците од партнер училиштето ООУ “ Димитар Влахов“ од Штип.

Реализиран е “Мултиетнички излет“, заедно со учениците од нашето училиште и наставници и ученици на нашето партнер училиште ООУ “Ванчо Прке” – Штип, каде ученици и наставници од двете училишта ја посетија планината Плачковица, Вртешка. Учениците и наставниците имаа можност да пробаат и различни вкусови од Турски традиционални јадења.

**Нашето училиште беше вклучено во повеќе проекти и беа реализирани низа активности преку кои се стекнаа многу искуства.**

Ученици од нашето училиште предводени од наставници ментори учествуваа на “Месец на наука“ во организација на ПМФ Скопје и Саем на наука во организација на интернационалното училиште Мaариф од Тетово, со свои демонстрации и презентации но и како посетители на манифестациите. Посветеноста и вложениот труд резултираше и со освоени награди. Ова учество

овозможи учениците да ја разберат важноста на СТЕМ предметите, да ги презентираат своите изработки и но и да развијат натпреварувачки дух и мотивација за повисоки постигнувања и надвор од училишната средина. Учеството на наставниците пак беше можност да дискутираат и споделат искуства со колеги од училишта ширум државата како и да развијат идеи за учество во иднина.

Во училиштето во рамки на проектот "Младите размислуваат" на ИРЕКС и УСАИД работеше училиштниот медиумски клуб МедијаМикс СПК со 15 ученици од 7 до 9 одделение. Во рамки на оваа воннаставна активност учениците развија знаења за медиумска писменост и креирање на медиумски содржини. Освен различите видови на медиумски содржини кои беа креирани од учениците, најзначајно е што беше возобновено издавањето на училиштниот весник ПИНКО, во ова издание учениците наместо наставниците беа креатори на содржините. Ова позитивно искуство укажува на тоа дека учениците во различните активности можат и треба да бидат вклучени како одговорни партнери и да им се овозможи тие да ги водат активностите и да креираат резултати кои ќе бидат презентирани пред локалната заедница.

Во нашето училиште се реализираа е - Твининг проекти "My Sweet Planet" и "Folktastic Dances" после посетените обуки "Изработка на еТвининг проекти со помош на Design Thinking методологија" и "Вовед во еТвининг платформата и употреба на дигитални алатки". Проследените обуки претставуваа поттик и мотивација за реализација на споменатите проекти, додека пак преку самата реализација се стекнаа и утврдија практични знаења за реализација на проекти со партнер училишта од други држави. Стекнавме искуство во планирање и реализација на ваков тип на проекти а за учениците овие активности претставуваа можност да развијат не само знаења но и дигитални, јазични и интеркултурни компетенции. Уште повеќе, вмрежувањето со училиштата разви идеи и можности за планирање и реализација на идни меѓународни проекти.

Во училиштето се реализираше проектот "Моето здравје и благосостојба преку наука и податоци" по методологија на STEAM Learning Ecologies, што подразбира вклучување на надворешни стејкхолдери во сите фази од проектните активности: планирање на активностите, реализација на активностите и десиминација на резултатите. Активностите се реализираа во соработка со Служба за превентивна здравствена заштита за деца од предучилишна и училишна возраст при Здравен дом Штип, Одделение за физикална терапија при Клиничка болница Штип и СОУ Јане Сандански Штип. Реализираните проектни активности беа можност учениците да искусат учење преку интегриран СТЕАМ приод во рамки на воннаставни активности и редовни часови развивајќи спектар од знаења и вештини почнувајќи од знаења за здравјето и благосостојбата на секој поединец, вештини поврзани со статистички и експериментални истражувања па се до вештини за промовирање и десиминација на стекнатите знаења. Наставниците вклучени во проектот искусија можност за развој на вештини за тимска работа, соработка и заедничка реализација на воннаставни активности како и развој на вештини за планирање и реализација на проекти преку соработка со локални стејкхолдери. Сите овие активности се проектирани од воспитно – образовната повеќегодишна пракса во ЕУ.

Нашето училиште е во трета фаза од реализацијата на проектот: “Децата на 1 место“ во соработка со Фондацијата за образовни и кутурни иницијативи “Чекор по чекор“ финансирано од Европската унија. Целта на проектот е практицирање на Конвенцијата на правата на децата и максимално почитување на детските права. Во нашето училиште беа реализирани повеќе активности во континуитет во духот на демократското училиште кое подразбира ученички здружувања од повеќе видови, предуслов за идни активни граѓани, иницијатива за следење на современите потреби кои може да иницираат нови права на децата и подигање на јавната свест преку јавни кампањи. Во духот на овие цели беа реализирани повеќе спортски активности со спортските реквизити кои ни беа доделени како донација од проектот. Учениците беа посетувани и од Караванот за детските права од Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, при што беа презентирани содржини со фокус на детските права, преку активности со читање и цртање и други аудио – визуелни содржини. Во рамките на овој проект сите активности на нашите ученици беа сублимирани во видео спотови наменети за презентација пред други ученици од други средини кои треба да имаат увид за специфичните потреби и права на децата во нашата средина. Во тој контекст беа снимени и промовирани видео спотови на социјалните медиуми. Преку овој проект нашето училиште доби помош во вид на средства во спортски реквизити, ликовен материјал и фотелји – лејзибег. Во нашето училиште продолжи традицијата за примена и посветеност на Правата на децата, како во рамките на наставните така и во воннаставните активности. Меѓу другото за оваа демократска пракса ни помогна и примената на Прирачниците за врсничко насилство.

Во континуитет за професионалниот развој на наставниците беа реализирани обуки од страна на БРО и МОН во текот на целата учебна година. Во изработката на оваа Годишна програма за работа на училиштето покрај стекнатите искуства големо влијание имаа и Полугодишниот, Годишниот извештај за работа на училиштето од минатата учебна година, Самоевалуацијата на училиштето, Развојниот план за работа на училиштето, препораките од Училишниот одбор, Советот на родители, соработката со Локалната заедница, Наставничкиот совет. Тие се однесуваа на следново: следење на промените во образованието и подобрување на квалитетот во наставата, имплементација на екологијата и мултиетничката интеграција во образовниот систем, промени во инфраструктурата на училиштето, промени во условите за учење во училиштето, професионален развој на наставниот кадар согласно промените и потребите кои се бараат во континуитет во образовниот процес, подобрување на имиџот на училиштето.

## 7. Подрачја на промени, приоритети и цели

Произлегуваат од констатираната состојба во годишните извештаи, самоевалуација и програмата за развој - треба да се земаат предвид оние подрачја и потреби кои се приоритетни за училиштето и за тековната учебна година и каде ќе се направи промена.

- **<u>Стратешки цели:</u>** Со цел поттикнување и максимално искористување на ученичките потенцијали за креативност, критичко мислење и активно учество нашето училиште и годинава ќе биде фокусирано на модернизирање на условите за работа во истото, со што е овозможено развој на материјалните и човечките ресурси за стекнување на знаења, вештини и умеења на учениците и вистинско насочување за нивно понатамошно образование и професионално ориентирање.
  За постигнување и реализација на овие цели е потребна голема и добро структурирана организација, добра поставеност на структурите во училиштето, подобри и современи услови за реализирање на наставата и сите вон наставни активности, снабдување со нови современи наставни средства и помагала, добра училишна клима и култура, соработка со локалната заедница, медиумите, невладини организации, следење на промените во општеството и модернизација на целокупниот воспитно образовен процес.
  Стратешките цели на училиштето, приоритетите, можностите, човечките и материјалните ресурси, самоевалуацијата на нашето училиште, развојниот план, извештаите на нашето училиште, потребите на учениците, наставниците и сите останати вработени во училиштето, соработката со родителите и локалната заедница, согледувајќи ги јаките и слабите страни на училиштето, дефинираната мисија и визија на училиштето, се потрудивме да ги определиме приоритетните барања имајќи во предвид дека е потребно да бидат остварливи и да се во рамките на нашите можности.

***<u>Од листата на потреби за учебната 2025-2026 учебна година, училиштето ги издвои следниве приоритети:</u>***

***1. Модернизрање на условите за работа на училиштето со што меѓу другото ќе се овозможи зголемување на мотивацијата за постигнување на поголеми воспитно образовни успеси кај сите учесници во воспитно образовниот процес.***

***Подобрување на организацијата на сите вработени (наставници, хигиеничари) со цел подигање на нивото на одржување на хигиената во училиштето.***

***2. Континуиран технолошки образовен напредок како за вработените така и за учениците.***

***3. Уредување на просторија за продолжен престој на учениците од I – V одделение***

***4. Подобрување на безбедносно естетските рекреативни сегменти во Централното и подрачните училишта ,***
***5.Подобрување на имиџот на училиштето***

***АКЦИСКИ ПЛАНОВИ:***

| | Година 2025/26 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | | | | | Следење | | |
| **Задача** | **Активност** | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **✔ x** | **Потребен буџет** |
| Модернизрање на условите за работа на училиштето со што меѓу другото ќе се овозможи зголемување на мотивацијата за постигнување на поголеми воспитно образовни успеси кај сите учесници во воспитно образовниот процес. (*продолжува*) | Уредување и модернизирање на училници и кабинети, спортски сали. | X | X | X | X | | | | | X | X | X | X | Директор | Училишен буџет | Алатки за работа | Уредени и модернизирани кабинети и училници, фискултурни сали за реализирање на воспитно образовниот процес прилагодени на тековните образовни промени и примена на технологијаа со тоа и зголемување на мотивацијата кај учесниците и постигнување на поголем успех. | Директор | | Согласно финансиски от план на училиштето |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Континуиран технолошки , едукативен и воспитно - образовен напредок како за вработените така и за учениците.<br><br>*(продолжува)* | Следење на последниот технолошки образовен напредок и доопремување со современа ИТ опрема како за наставниците така и за учениците. | x | x | x | x | X | x | x | x | x | x | x | x | Директор | Училишен буџет | Алатки за работа | Унапредување, зголемување на квалитетот на наставата, прилагодувајќи се на тековните дигитални промени во наставата и примена на современи алатки;<br>Мотивација на наставниците за планирање и реализирање на квалитетна настава а со тоа и за подобрување на успехот во воспитно образвониот процес на ниво на училиште. | Директор | | Согласно финансиски от план на училиштето |
| Уредување на просторија за продолжен престој на учениците од I – V одделение | Оспособување и уредување на просторија со услови за продолжен престој на деца од прво до петто одделение.<br><br>План за спроведување на продолжен престој на учениците од 1 до 5 одделение со адаптација на постоечките ресурси од училиштето | | | X | X | X | | | | | | | | Директор | Училишен буџет | Набавка на потребн и материја ли и литерат ууа | Организиран продолжен престој во согласност со законот за основно образование.<br><br>Задоволување на потребите на децата и родителите | Директор, наставен кадар | | Согласно финансиски от план на училиштето |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Подобрување на безбедносно естетските рекреативни сегменти во кругот на училиштата | -Планирано е доуредување на училишните дворови (Таринци).<br><br>-Реконструкција на фискултурна сала во ЦОУ.<br><br>-Реконструкција на просторија за потребите на ФЗО во ПОУ Парналија и ПОУ Калаузлија.<br><br>-Предвидена е реконструкција и доградба на училишна зграда во ПОУ Радање.<br><br>-Изготвување на документација за санирање на стара кровна конструкција на училишна зграда како и поставување на нова кровна конструкција на ПОУ Долни Балван. | X | x | x | x | X | x | x | x | x | x | x | x | Директор | Училишен буџет | Алатки за работа | -Уредени и. Безбедни училишни дворови за безбедно движење и активности на учениците без паркирани возила.<br>-Уредено повеќенаменско игралиште за квалитено реализирање на наставата по физичко и здравствено образование, за воннаставните активности и повеќе време за рекреација и поттик на учениците за зголемување на физичката активност како важен дел од водењето на здрав жиот.<br>-Подобри услови за реализација на наставниот процес во ПОУ с.Радање.<br>-Зголемување на безбедноста во училишната зграда во ПОУ Д.Балван. | Директор, хаусмајстор , други вклучени стручни учесници (фирми) | | Согласно финансиски от план на училиштето |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Подобрување на имиџот на училиштето | Одржување на Веб-страната на училиштето. Соработка со локалната заедница, родители, медиуми | x | X | x | X | X | x | X | X | x | x | x | x | Директор Тим од одговорни наставници и Претставници на локалната заедница | Разни активности и Работилница за Здрава храна Предавања на разни теми Приредби за првачиња, патронат и учество во разни натпревари | / | Подобрен училишен имиџ. Континуирано информирање на јавноста (наставници, ученици, родители, ЕЛС и др.) за работата на ООУ како општествено одговорна институција која се грижи за животната средина и за секој поединец. | Директор, Тим од одговорни наставници Претставници на локалната заедница, родители, ученици | | Согласно финансиски от план на училиштето |

### 7.1. План за евалуација на акциските планови

- ***Критериум за успех*** - (претставува нивото и квалитетот на промената која сакаме да ја постигнеме. Пожелно е што појасно да се определат начините со кои ќе се мерат и оценуваат постигнувањата и тоа за секоја задача).
- ***Инструменти*** - (тестови на знаења, скали на проценка, прашалници, потсетник за водење на интервју, протоколи за набљудувања и опсервации).
- ***Индикатор за успешност*** - доказ дека резултатите се постигнати (Зголемена безбедност, подобрени услови за реализација на целокупниот наставен процес, просекот на оценките е покачен, се намалува бројот на слаби оценки, зголемена соработка со родителите, зголемен е бројот на различни видови стратегии за оценување, мотивирани ученици...).
- ***Одговорен за следење*** - (директор, училишен одбор, стручна служба, училишни тимови, наставници, ученици, совет на родители).
- ***Повратна информација*** - (дава информација за постигнувањата, поуки за подобрување на успехот, мотивацијата, самостојноста во водење на учењето, вреднување на напредокот на учениците, наставниците и училиштето).

| ***Приоритети на училиштето*** | ***Критериум за успех*** | ***Инструменти -*** | ***Индикатор за успешност*** | ***Одговорен за следење*** |
|---|---|---|---|---|
| ***Модернизрање на условите за работа на училиштето со што меѓу другото ќе се овозможи зголемување на мотивацијата за постигнување на поголеми воспитно образовни успеси кај сите учесници во воспитно образовниот процес.*** | Уредени и модернизирани училници, кабинети, спортски сали | Извештаи од постигнати успеси на учениците. | Уредени модернизирани кабинети и училници со соодветни услови за работа, реализација на квалитетна настава | Директор |
| ***Континуиран технолошки образовен напредок како за вработените така и за учениците.*** | Опремени училишни простории со современа ИТ опрема | Подобрена, осовременета и квалитетна настава | Унапредување, зголемување на квалитетот на наставата. Мотивација на наставниците за планирање и реализирање на квалитетна настава а со тоа и за подобрување на успехот во воспитно образовниот процес на ниво на училиште. | Директор |
| ***Уредување на просторија за продолжен престој на учениците од I – V одделение*** | Оспособена и уредена просторија со услови за продолжен престој на деца од прво до петто одделение.<br><br>Изготвен план за спроведување на | План за уредување на просторијата за продолжен престој.<br><br>План за спроведување на продолжениот престој. | Реализирање на поквалитетна настава со современи нагледни средства, дополнителна литература,активно учество и примена на наученото | Директор<br><br>Сите вработени во училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | продолжен престој на учениците од 1 до 5 одделение. | | | |
| ***Подобрување на безбедносно естетските рекреативни сегменти во кругот на училиштето*** | Уредување на училишен двор во ПОУ Таринци;<br><br>РЕконструкција на фискултурна сала во ЦОУ Карбинци.<br><br>Реконструкција на просторија за потребите на ФЗО во ПОУ Парналија и ПОУ Калаузлија.<br><br>-Реконструкција и доградба на училишна зграда во ПОУ Радање.<br><br>-Изготвена документација за санирање на стара кровна конструкција на училишна зграда како и поставување на нова кровна конструкција на ПОУ Долни Балван. | План за јавни набавки | Реализирани активности, транспарентност за работата во училиштето преку промовирање на веб страната со цел запознавање на јавноста | Директор,<br><br>вработени во училиштето (од оваа област)<br><br>локална самоуправа |
| ***Подобрување на имиџот на училиштето*** | Учество на разни манифестации | Фотографии<br><br>Извештаи | Поголема транспарентност за | Директор<br><br>Сите вработени во училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Пласирање на информации за работата на училиштето на web страната во медиуми и др.места<br><br>Успешна соработка со Локалната заедница | Пишани текстови и реализирање на приредби и патронен празник на училиштето и надвор од него<br><br>Промоции на веб страна и др.социјални медиуми | работењето на училиштето<br><br>Современ начин за претставување на училиштето<br><br>Континуирано информирање на јавноста за работата и активностите на ООУ | |

**Забелешка:**

Поради ограничени финансиски средства во изминатата учебна 2024/2025 година приоритетите продолжуваат и во следната 2025/2026 година, а дел поради континуитет и унапредување на условите во образовниот процес продолжуваат и следната учебна година.

Третиот приоритет од минатата учебна година – “Адаптирање на тивка просторија (сензорна соба) за деца со потешкотии во развојот и подобрување на квалитетот на наставата“, наменета за учениците кај кои се јавуваше потреба за приспособување и подобрување на условите за следење на наставата не е реализиран. По направениот увидот од страна на стручниот тим и директорката на училиштето беше согледана нова состојба која ги анулираше потребите за “сензорна соба“. Учениците се интегрирани и во изминатава учебна година кај нив е постигнат повисок степен на социјализација и инклузија. Имајќи го во предвид сето ова и иницијативата на родителите и наметнатата потреба за продолжен престој на учениците во нашето училиште, а во согласност со Законот за основно образование, приоритетот за “сензорна соба“ се пренаменува во “просторија за продолжен престој.

## 8. Програми и организација на работата во основното училиште

8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

Забелешка:
До изработувањето на Годишната Програма на училиштето за учебната 2025-2026 година во месеците Јуни-Јули 2025 година и новите

законски измени за нејзина изработка до тогаш не беше излегол Календар за организација на работата на основното училиште од страна на Министерот за образование и наука и истиот ќе биде дополнително внесен во Анексот на Годишната Програма на училиштето за учебната 2025-2026 година.

8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

**Табела на одделенски раководители- во предметна настава за учебната 2025/2026 година**

| Наставник | Одделение | Училиште |
|---|---|---|
| Горица Смилкова | VI – 1 | Карбинци |
| | VI – 2 | Карбинци |
| Викторија А.Голубова | VI – 3 | ПУ Крупиште |
| Зоран Трајанов | VII – 1 | Карбинци |
| Стојан Спасов | VII -2 | Карбинци |
| Викторија А.Голубова | VII-3 | ПУ Крупиште |
| Оливера Минова | VIII – 1 | Карбинци |
| Габриела Д.Милојевиќ | VIII – 2 | Карбинци |
| Даниела Минова | VIII – 3 | ПУ Крупиште |
| Силвана Ј.Бинова | IX – 1 | Карбинци |
| Зоран Давков | IX – 2 | Карбинци |
| Даниела Минова | IX – 3 | ПУ Крупиште |

**Табела за поделба на часови на наставниот кадар за одделенска настава.**

| **Наставник** | **Предмет** | **Одделение** | **Број на часови неделно** | **Училиште** |
|---|---|---|---|---|
| Катерина Андонова | Одделенска настава | I | 21 | Карбинци |
| Марина Стојанова | Одделенска настава | II | 22 | Карбнинци |
| Ленка Штерјова | Одделенска настава | III | 24 | Карбинци |
| Цветанка Алексовска | Одделенска настава | IV | 22 | Карбинци |
| Светлана Ташева | Одделенска настава | V | 22 | Карбинци |
| Ивица Костов | Одделенска настава | I | 21 | Караорман |
| Ивана Митевска | Одделенска настава | II | 22 | Караорман |
| Билјана Димитрова | Одделенска настава | III | 24 | Караорман |
| Соња Стојанова | Одделенска настава | IV | 22 | Караорман |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Анче Стефанова | Одделенска настава | V | 22 | Караорман |
| Даниела Алексова | Одделенска настава | I,II, III – комбинирана паралелка | 22 | Крупиште |
| Ирена Ѓоргиевска | Одделенска настава | IV- V комбинирана паралелка | 24 | Крупиште |
| Памела Митева | Одделенска настава | I | 21 | Таринци |
| Лепа Стоилковска | Одделенска настава | II | 22 | Таринци |
| Билјана Донева | Одделенска настава | III | 24 | Таринци |
| Радмила Стефанова | Одделенска настава | IV | 22 | Таринци |
| Деспина Паунова | Одделенска настава | V | 22 | Таринци |
| Тања Димитрова | Одделенска настава | I, II, – III комбинирана парлелка | 24 | Балван |
| Јагода Митева | Одделенска настава | IV | 22 | Балван |
| Наташа Каменарова | Одделенска настава | I | 21 | Радање –македонски наставен јазик |
| Елена Наумова | Одделенска настава | II | 24 | Радање –македонски наставен јазик |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Биљана Насева | Одделенска настава | III | | Радање –македонски наставен јазик |
| Сејди Али | Одделенска настава | IV | 22 | Радање–македонски наставен јазик |
| Севинч Халид | Одделенска настава | V | 22 | Радање–македонски наставен јазик |
| Изет Али | Одделенска настава | I, II, III – комбинирана паралелка | 24 | Радање – турски наставен јазик |
| Смаил Јусин | Одделенска настава | IV, V–комбинирана паралелка | 22 | Радање – турски наставен јазик |
| Марина Атанасова | Одделенска настава | I, II, III – комбинирана парелелка | 24 | Калаузлија |
| Адријана Стојмирова | Одделенска настава | IV, V - комбинирана парелелка | 22 | Калаузлија |
| Бекир Хусеинов | Одделенска настава | I, II, III – комбинирана парелелка | 24 | Прналија – турски наставен јазик |
| Фатиме Исмаил | Одделенска настава | IV, V – комбинирана парелелка | 22 | Прналија – турски наставен јазик |
| | Одделенска настава | I, II, III, комбинирана парелелка | 24 | Кучица – турски наставен јазик |
| Севгили Ибраим | Одделенска настава | IV, V- комбинирана парелелка | 24 | Кучица – турски наставен јазик |
| Рамадан Сулиман | Одделенска настава | II, III,IV,- комбинирана парелелка | 24 | Оџалија – турски наставен јазик |
| Илија Кикиритков | Физичко и здравствено | VI-IX | 24 | ЦУ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | образование-предметна настава ЦУ | | | |
| Петар Наумов | Физичко и здравствено образование-одд.и пред.настава | I,II,III,IV,V | 24 | Караорман |
| Виктор Богданов | Физичко и здравствено образование-одд.настава | | 24 | Крупиште<br>Карбинци |
| Емрах Зуберов | Физичко и здравствено образование-одд.настава | | 24 | Кучица<br>Калузлија<br>ЦУ-Карбинци |
| Ерхан Јусин | Физичко и здравствено образование-одд.настава | | 24 | Парналија<br>Оџалија<br>Радање |

**Табела на одделенски/класни раководители за учебната 2025/2026 година**

| Наставник | Одделение | Училиште |
|---|---|---|
| Горица Смилкова | VI-1 | Карбинци |
| | VI -2 | Карбинци |
| Викторија А.Голубова | VI – 3 | ПУ Крупиште |
| Зоран Трајанов | VII-1 | Карбинци |
| Стојан Спасов | VII -2 | Карбинци |
| Викторија А.Голубова | VII – 3 | ПУ Крупиште |
| Оливера Минова | VIII – 1 | Карбинци |
| Габриела Д.Милојевиќ | VIII – 2 | Карбинци |

| | | |
|---|---|---|
| Даниела Минова | VIII-3 | ПУ Крупиште |
| Силвана Ј.Бинова | IX – 1 | Карбинци |
| Зоран Давков | IX – 2 | Карбинци |
| Даниела Минова | IX – 3 | ПУ Крупиште |

**Табела за поделба на часови на наставниот кадар за предметна настава**

| Наставник | Предмет | Одделение | Број на часови неделно | Училиште |
|---|---|---|---|---|
| Катерина Тошева | Македонски јазик | VI-1,VI-2,VII-2,IX-1,IX-2 | 20 | Карбинци |
| Маријана Јанкулова | Македонски јазик | VII-1,VIII-1,VIII-2, VI/VII,VIII/IX | 20 | Карбинци |
| Веска Влахова | Македонски јазик на заедниците Македонски јазик-предметна настава | IV-V | 8+ | Оџалија<br>Радање<br>Парналија<br>Кучица<br>Крупиште<br>ЦУ |
| Маријана Јанкулова | Природни науки | V<br>V<br>V<br>V | 8 | Оџалија<br>Парналија<br>Калузлија<br>Кучица |
| Зоран Давков | Англиски јазик | VI-1,VI-2,VII-1,VIII-1,VIII-2,IX-1,IX-2 | 21 | Карбинци |
| Билјана Алексова Даневска | Англиски јазик | III,IV,V,VIII-2<br>I-II-III,IV-V<br>IV-V | 21 | Оџалија<br>Радање-тур.јаз. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | IV-V | | Радање-мак.јаз |
| Кристијан Киров | Англиски јазик | I-II-III,IV-V,VI/VII ,VIII/IX<br>III,IV,V | 21 | Крупиште<br>Кучица<br>Прналија |
| Викторија А. Голубова | Англиски јазик | I/II/III, IV-V<br>III,IV,V | 15<br>+6<br>ЕСАРУ | Балван<br>Караорман |
| Надица Стојановски | Англиски јазик | I-II-III-IV-V<br>I-II-III-IV-V<br>I-II-III-IV-V | 18 | Калузлија<br>Таринци<br>ЦУ |
| Катерина Стојановска | Англиски јазик | I,II<br>I,II<br>I,II<br>I,II-III<br>I-II-III | 20 | Караорман<br>Таринци<br>Карбинци<br>ЦУ |
| Габриела Д.Милојевиќ | Германски јазик | VI – 1, VI – 2<br>VII – 1, VII – 2<br>VIII – 1, VIII – 2<br>IX – 1, IX – 2<br>VI-3 | 18 | Карбинци<br><br><br><br>Крупиште |
| Силвана Ј. Бинова | Математика | VII-2,<br>VIII – 1, VIII-2,<br>IX-1, IX-2 | 21 | Карбинци |
| Јулијана Читкушева | Математика | VI-1, VI-2<br>VII – 1,<br>VI/VII, VIII/IX | 23 | Карбинци<br>Карбинци<br>Крупиште |
| Стојан Спасов | Историја, модул историја и општество-насока историја и | VI – 1, VI – 2<br>VII – 1, VII – 2<br>VIII – 1, VIII – 2<br>IX – 1, IX – 2<br>VI/VII, VIII/IX | 20 | Карбинци<br><br><br><br>Крупиште, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | насока-граганско образование | | | |
| Оливера Минова | Географија,модул историја и општество насока-географија | VI/VII, VIII/IX<br>VI-1,VI-2,<br>VII-1,VII-2,<br>VIII-1,VIII-2,<br>IX-1,IX-2 | 20 | Крупиште, Карбинци |
| Горица Смилкова | Биологија | VII – 1, VII – 2<br>VIII – 1, VIII – 2<br>IX – 1, IX – 2 | 12 | Карбинци |
| Зоран Трајанов | Биологија,Природни науки | VII, VIII/IX | 4 | Крупиште<br>Карбинци<br>Караорман<br>Таринци<br>Балван<br>Радање |
| Горица Смилкова | Хемија | VIII/IX<br>VIII – 1, VIII – 2<br>IX – 1, IX – 2 | 10 | Крупиште, Карбинци |
| Јулијана Поповски | Физика | VIII-1, VIII-2<br>IX-1, IX-2<br>VIII/IX | 10 | Карбинци<br>Карбинци<br>Крупиште |
| Марина Атанасова | Информатика | VI – 1, VI – 2<br>VII – 1,<br>VI/VII | 8 | Карбинци<br>Карбинци<br>Крупиште |
| Даниела Минова | Техничко образование | V, VI – 1, VI – 2<br>V,VI<br>V<br>V<br>V<br>V | 23 | Карбинци<br>Крупиште,<br>Балван<br>Караорман<br>Кучица<br>Парналија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | V<br>V<br>V (тур.наст.)<br>V | | Калаузлија<br>Радање<br>Радање<br>Таринци |
| Маре Стојилова | Етика | VII – 1, VII – 2<br>VII – 3 | 3 | Карбинци<br>Крупиште |
| Маре Стојилова | Граѓанско образование | VIII – 1, VIII – 2<br>IX – 1, IX – 2<br>VIII/IX | 5 | Карбинци<br>Карбинци<br>Крупиште |
| Маре Стојилова | Иновации | IX – 1, IX – 2<br>IX-3 | 3 | Карбинци<br>Крупиште |
| Тони Наумов | Музичко образование | VI/VII, VIII/IX<br>VI-1, VI-2<br>VII-1, VII-2<br>VIII-1, VIII-2<br>IX-1, IX-2 | 12 | Крупиште, Карбинци<br>Карбинци<br>Карбинци<br>Карбинци |
| Никола Панев | Ликовно образование | VI/VII, VIII/IX<br>VI-1, VI-2<br>VII-1, VII-2<br>VIII-1, VIII-2<br>IX-1, IX-2 | 10 | Крупиште, Карбинци<br>Карбинци<br>Карбинци<br>Карбинци |
| Илија Кикиритков | Физичко и здравствено образование | VI-1, VI-2<br>VII-1, VII-2<br>VIII-2,<br>IX-1, IX-2 | 21 | Карбинци |
| Виктор Богданов | Физичко и здравствено образование | I, VI/VII, VIII/IX<br>I, II<br>I/II (тур. наст. јаз) | 21 | Крупиште<br>Радање<br>Радање<br>Таринци |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Петар Наумов | Физичко и здравствено образование | II,III,IV,V | 12 | Караорман |
| Емрах Зуберов | Физичко и здравствено образование-одд.настава | III,V<br>III-IV-V<br>I-II-III-IV-V<br>I-III-IV-V | 24 | Карбинци, и<br>Калузлија,Кучица<br>Парналија |
| Ерхан Јусин | Физичко и здравствено образование-одд.настава | I-II-III-IV-V м.ј.<br>IV-V т.ј.<br><br>II-III-IV | 24 | Радање м+т.јаз.<br><br><br>Оџалија |
| | Физичко и здравствено образование-одд.настава | I,II,III,IV,V<br>I-II-III, IV-V<br>I | 24 | Таринци<br>Балван<br>Караорман |

**Забелешка:** Поради измените во Законот за основно образование и изработката на Годишната Програма за работа на училиштето за учебната 2025-2026 год. што мора да се направи порано и согласно Законот за основно образование , Училишниот одбор ја доставува Годишната програма за работа до основачот најдоцна до 15 Август во тековната учебна година, за наредната учебна година и овој распоред со часови и наставници по предмети ќе претрпи измени кои ќе бидат вметнатни дополнително во посебен Анекс на Годишната Програма за работа на училиштето за учебната 2025-2026 година,исто така со фондот на часови за предметите согласно Концепцијата и реализирање на наставата согласно истата.

8.3. Работа во смени

Наставата во училиштето се одвива во една смена (освен во подрачните училишта Радање и Караорман), каде што прва смена започнува во 7:30 и завршува во 12:55, додека втора смена започнува во 12:30, а завршува во 17:55 минути. Наставниот час е во времетраење од 40 минути со предвидени мали одмори од 5 минути меѓу часови и голем одмор помеѓу втори и трети час од 20 минути. Во ПУ Кучица и Парналија наставата започнува во 8:00 часот и завршува во 13:25 ч.

Во училиштето наставата се изведува на македонски наставен јазик, освен во подрачните училишта „Радање“, „Парналија“, „Кучица“, „Оџалија“ каде што наставата се изведува на турски наставен јазик.

Во училиштето како прв странски јазик се изучува англискиот јазик, додека како втор задолжителен странски јазик се изучува германски јазик во сите паралелки од VI до IX одделение во централното училиште и во паралелките VI/ VII и VIII/IX одд. во ПУ Крупиште.

Распоредот на часови и дежурни наставници за учебната 2025/2026 година го изготвува Директорот на училиштето и ќе биде истакнат на огласна табла во канцеларијата на наставници, најдоцна до 31.08.2025,додека распоредот за дополнителна и додатна настава се истакнува најдоцна до 20.09.2025 година**.**

8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** | **Турски јазик** | **Српски јазик** | **Босански јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 36 | / | 7 | / | / |
| **Број на ученици** | 337 | / | 55 | / | / |
| **Број на наставници** | 55 | / | 6 | / | / |

8.5. Проширена програма

Во училиштето се реализира проширена програма според Концепцијата за основно воспитание и образование. Проширената програма  на основното училиште опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците од прво, второ и трето одделение, еден час пред започнување на часовите за редовна настава и еден час по завршувањето на редовната настава, во согласност со родителот. За реализација на Проширената програма секој одделенски наставник е задолжен по еден ден во неделата да ги пречекува и испраќа децата,истото е и со наставниците од подрачните училишта.
За централното и сите подрачни училишта е направен посебен распоред и Програма за дежурство и реализација на Програмата (Прилог-Програма за Продолжителна настава) но поради незаинтересираноста на родителите и учениците покрај анкетирањето,овој вид на Програма не се реализира во нашето училиште.

8.6. Комбинирани паралелки

**Прилог-Паралелки**

| Број на паралелки | | |
|---|---|---|
| Одделение | Настава на македонски јазик | Настава на турски јазик |
| I | 4 | / |
| II | 4 | / |
| III | 4 | / |
| IV | 4 | / |
| V | 4 | / |
| II-III | / | / |
| I-II-III | 3 | 3 |
| IV-V | 3 | 3 |
| I-II-III-IV-V | / | 1 |
| VI | 2 | / |
| VII | 2 | / |
| VIII | 2 | / |
| IX | 2 | / |
| VI-VII | 1 | / |
| VIII-IX | 1 | / |
| Вкупно | 36 | 7 |

Вкупно паралелки на ниво на училиште се 43.

**Комбинирани паралелки**

***ПУ Крупиште(на македонски наставен јазик)***

| Одделение-одд.раководител | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | * | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| II | * | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| III- Даниела Алексова | 1 | 7 | 4 | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| IV | * | 0 | 0 | 0 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| V- Ирена Горгиева | 1 | 2 | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| I - V | 2 | 11 | 5 | 6 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| VI | * | 3 | 0 | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| VII- Викторија А.Голубова | 1 | 2 | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| VIII | * | 3 | 1 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| IX- Даниела Минова | 1 | 2 | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| VI-IX | 2 | 10 | 3 | 7 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| I-IX | 4 | 21 | 8 | 13 | / | / | / | / | / | / | / | / |

*ПУ Балван (на македонски наставен јазик)*

| Одделение-одд.раководител | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | * | 3 | 1 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| II | * | 4 | 2 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| III-Тања Димитрова | 1 | 3 | 0 | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| IV | * | 4 | 3 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| V-Јагода Митева | 1 | 1 | 0 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| I - V | 2 | 15 | 6 | 9 | / | / | / | / | / | / | / | / |

*ПУ Калаузлија (македонски наставен јазик)*

| Одделение-одд.раководител | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | * | 0 | 0 | 0 | / | / | 0 | 0 | / | / | / | / |
| II | * | 0 | 0 | 0 | / | / | 0 | 0 | / | / | / | / |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| III- Марина Атанасова | 1 | 0 | 0 | 0 | / | / | 0 | 0 | / | / | / | / |
| IV | * | 4 | 0 | 0 | / | / | 3 | 1 | / | / | / | / |
| V-Адријана Стојмирова | 1 | 1 | 0 | 0 | / | / | 1 | 0 | / | / | / | / |
| I - V | ***2*** | ***5*** | ***0*** | ***0*** | ***/*** | ***/*** | ***4*** | ***1*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** |

***ПУ Радање (турски наставен јазик)***

| Одделение-одд.раководител Изет Али | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | * | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | / | / | / | / |
| II | * | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 3 | / | / | / | / |
| III-Изет Али | 1 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 4 | / | / | / | / |
| IV- | * | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | / | / | / | / |
| V-Смаил Јусин | 1 | 9 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 3 | / | / | / | / |
| I - V | ***2*** | ***25*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***13*** | ***12*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** |

***ПУ Прналија (турски наставен јазик)***

| Одделение-одд.раководител | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | * | 0 | / | / | / | / | 0 | 0 | / | / | / | / |
| II | * | 2 | / | / | / | / | 1 | 1 | / | / | / | / |
| III-Бекир Хусеинов | 1 | 0 | / | / | / | / | 0 | 0 | / | / | / | / |
| IV | * | 4 | / | / | / | / | 3 | 1 | / | / | / | / |
| V-Фатиме Исмаил | 1 | 4 | / | / | / | / | 1 | 3 | / | / | / | / |
| I - V | ***2*** | ***10*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***5*** | ***5*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** |

*ПУ Кучица (турски наставен јазик)*

| Одделение-одд.раководител | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | * | 2 | / | / | / | / | 2 | 0 | / | / | / | / |
| II | * | 4 | / | / | / | / | 1 | 3 | / | / | / | / |
| III- | 1 | 3 | / | / | / | / | 0 | 3 | / | / | / | / |
| IV | * | 5 | / | / | / | / | 2 | 3 | / | / | / | / |
| V-Севгили Ибраим | 1 | 1 | / | / | / | / | 1 | 0 | / | / | / | / |
| **I - V** | ***2*** | ***15*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***6*** | ***9*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** |

*ПУ Оџалија (турски наставен јазик)*

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | * | 1 | / | / | / | / | 0 | 1 | / | / | / | / |
| II | * | 0 | / | / | / | / | 0 | 0 | / | / | / | / |
| III | * | 2 | / | / | / | / | 1 | 1 | / | / | / | / |
| IV | * | 1 | / | / | / | / | 1 | 0 | / | / | / | / |
| V-Рамадан Сулиман | 1 | 1 | / | / | / | / | 0 | 1 | / | / | / | / |
| **I - V** | ***1*** | ***5*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***2*** | ***3*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** |

8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

| Одделение | Странски јазик | Број на ученици |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| I-IX (43 паралелки) | Англиски јазик | 392 |
| VI-IX (8 чисти паралелки+2 комбинирани паралелки во ПУ Крупиште VI/VII,и VIII/IX комбинирана паралелка | Германски јазик | -Централно училиште –вк.166.<br>ПУ Крупиште(VI/VII, (5) VIII/IXодд.) (5 )<br>вк 10.<br>Вкупно 176 ученици |

8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Согласно Законот за основно образование во наставата од прво до петто одделение наставата по физичко и здравствено образование се реализира со тандем настава и вклучување на наставник по физичко и здравствено образование Виктор Богданов,Емрах Зуберов,Петар Наумов и Ерхан Јусин.

### 8.9. Изборна настава

Во прилогот на Годишната програма за работа на училиштето се приложени и анкетните листови од родителите).

**<u>ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД IX ОДДЕЛЕНИЕ ВО УЧЕБНАТА 2025/26ГОДИНА</u>**

На крајот на наставната 2024/2025 година се спроведе анкетирање помеѓу учениците и согласно резултатите оваа учебна година ќе се реализираат следниве изборни предмети:

| **Учебна 2025/2026година** | | |
|---|---|---|
| **Одделенски раководител** | **Одделение** | **Предмет кој ќе го изучуваат** |
| Силвана Ј.Бинова | IX-1 | Проекти од информатика |
| Зоран Давков | IX-2 | Проекти од информатика |
| Даниела Минова | IX-3 | Проекти од информатика |

- Тони Наумов 3часа неделно Хор (сите ученици)

***Извештај од спроведен ПРАШАЛНИК за учениците од III, IV и V одделение во ООУ„Страшо Пинџур“-Карбинци***

Во текот на месец Април во учебната 2024/25година беше спроведен анонимен прашалник за формирање на листа на СЛОБОДНИ ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ за учениците од IV, V и VI одделение во учебната 2025/26година.

Секој ученик го заокружи своето мислење за понуда на СИП што би сакал да го изучува следната учебна година. Анкетирани беа вкупно 147 ученици од III, IV и V одделение од македонска националност 85 ученици 46 машки и 39 женски, од турска националност 61 ученик, 34 машки и 27 женски, 1женско албанска националност.

По направената анализа на прашалникот се добиени следни резултати:

***Од првата категорија:*** **Изборни предмети за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети,** добиени се слениве резултати**:**

- 65,2% од учениците одбрале: Цртање/сликање/вајарство;
- 45,5% од учениците одбрале: Математичко – логичко резонирање;
- 38,7% од учениците одбрале: Моделарство,креативни идеии–„направи сам“;
- 30,3% од учениците одбрале: Заштита на животна средина;
- 26,5% од учениците одбрале: Македонски јазик - Поезија;
- 22,5% од учениците одбрале: Учење народни музички инструменти преку игри;
- 13,2% од учениците одбрале: Народно музичко творештво.

***Од втората категорија:*** **Изборни предмети за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети,** добиени се слениве резултати:

- Етика на религиите 52,3% од учениците;
- Готвење одбрале 45,5% од учениците;
- Театарот, уметност на емоции одбрале 33,3%
- Еколошко образование одбрале 33,3% од учениците;
- Градинарство одбрале 25,1% од учениците;
- Градинарство и холтикултура одбрале 24,4% од учениците;
- Соло пеење одбрале 22,5% од учениците.

***Од третата категорија:*** **Изборни предмети за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците,** добиени се следниве резултати**:**

- 55,1% од учениците одбрале: Учам за моето здравје;

- 52,3% од учениците одбрале: Прва помош;
- 40,1% од учениците одбрале: Религиозно и културно наследство;
- 31,2% од учениците одбрале:Образование за животни вештини;
- 16,3% од учениците одбрале: Мултикултурни работилници;
- 11,5% од учениците одбрале: Емоционална писменост;
- 10,2% од учениците одбрале: Филозофија за деца;
- 8,1% од учениците одбрале: Градење интерперсонални односи.

***Од четвртата категорија:*** **Изборни предмети од спортско – рекреативен карактер,** добиени се следниве резултати**:**

- 71,4% од учениците одбрале: Фудбал/футсал;
- 46,2% од учениците одбрале: Кошарка;
- 41,5% од учениците одбрале: Одбојка;
- 41% од учениците одбрале: Ракомет.

***Извештај од спроведен ПРАШАЛНИК за учениците од VI и VII одделение во ООУ„Страшо Пинџур“-Карбинци***

Во текот на месец Април во учебната 2024/25година беше спроведен анонимен прашалник за формирање на листа на СЛОБОДНИ ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ за учениците од VII и VIII одделение во учебната 2025/26година.

Секој ученик го заокружи своето мислење за понуда на СИП што би сакал да го изучува следната учебна година. Анкетирани беа вкупно 86 ученици од VI и VII одделение од македонска националност 38 ученици 19 машки и 19 женски, од турска националност 48 ученика, 18 машки и 30 женски.

По направената анализа на прашалникот се добиени следни резултати:

***Од првата категорија:*** **Изборни предмети за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети,** добиени се слениве резултати**:**

- 68,6% од учениците одбрале: Музиката и технологијата;
- 32,5% од учениците одбрале: Основи на веб развој;
- 22,1% од учениците одбрале: Иновации и претприемништво;
- 16,3% од учениците одбрале: Воведување во историјата на ликовната уметност;
- 14,5% од учениците одбрале: Музички жанрови;
- 3,4% од учениците одбрале: Напредна музичка писменост.

***Од втората категорија:*** **Изборни предмети за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети,** добиени се слениве резултати:

- Енергија и животна средина одбрале 59,3% од учениците;
- Класична култура 2 одбрале 58,1% од учениците;
- Извидништво одбрале 24,4% од учениците;
- Готвење одбрале 22,1% од учениците.

***Од третата категорија:*** **Изборни предмети за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците,** добиени се следниве резултати**:**

- 81,4% од учениците одбрале: Етика и морал;
- 41,5% од учениците одбрале: Морал и етички вредности;
- 23,2% од учениците одбрале: Финансиско образование.

***Од четвртата категорија:*** **Изборни предмети од спортско – рекреативен карактер,** добиени се следниве резултати**:**

- 56,1% од учениците одбрале: Фудбал/футсал;
- 41,5% од учениците одбрале: Кошарка;
- 38,4% од учениците одбрале: Одбојка;
- 15,1% од учениците одбрале: Ракомет;
- 6,1% од учениците одбрале: Пинг-понг.

## 8.10. Дополнителна настава

Дополнителна настава се организира за ученици од прво до деветто одделние кои во текот на редовната настава не ги постигнале очекуваните резултати за одредени наставни предмети или очекуваните резултати од одредени теми/области во рамките на наставните програми.

Ученици за кои се организира дополнителната настава се: ученици со помали предзнаења за наставниот предмет или одредена тема од наставниот предмет, ученци кои покажале слаби резултати од учењето (имаат негативна оценка за тој очекуван резултат или тема), ученици што подолго време отсуствувале од настава и ученици со потешкотии во учењето.

Ученикот од прво до петто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу два различни наставни предмети одделно. Ученикот од шесто до деветто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу три различни наставни предмети одделно. Дополнителната настава за ученикот трае додека ученикот не ги постигне очекуваните резултати согласно наставната програма. Ученикот се вклучува во дополнителна настава по проценка на наставникот од следењето на напредокот на учениците во настава, во согласност и договор со родителот/старателот.

Наставникот ја планира и реализира дополнителната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одделение во текот на цела учебна година со група од најмалку 10 ученици од иста или различна паралелка од исто одделение, и со помала група ученици доколку процени наставникот придржувајќи се на наставната програма а согласно потребите на учениците.

Наставникот континуирано го следи напредувањето на ученикот со цел да констатира дека ученикот ги надминал потешкотиите, ги постигнал очекуваните резултати или има потреба за продолжување на дополнителна настава и за истото го информира родителот, односно старателот. Доказите за напредокот на ученикот наставникот ги чува во портфолиото на ученикот. Прибраните докази му користат на наставникот за планирање на наставата, информирање на родителот, односно старателот и стручната соработници во училиштето.

Дополнително, најдоцна до 20 Септември, согласно распоредот за учебната 2025/26 година ќе биде изработен и распоред за дополнителна настава по одделни предмети.

### 8.11. Додатна настава

Додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети и покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата за одделни наставни предмети, одделна тема/област од наставен предмет.

Додатната настава можат да ја следат ученици од прво до деветто одделние и тоа: - напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет, - ученици што покажуваат посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма и ученици што се пријавуваат за учество на натпревари.

Наставникот ја планира додатната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одд. во текот на цела учебна година. Наставникот е должен да му понуди на ученикот следење на додатна настава а ученикот, односно родителот/старателот одлучува за посета на часови за додатна настава. Додатната настава ученикот ја следи во текот на целата учебна година или повремено во договор со наставникот, а по одлука на ученикот и во соработка со родителот, односно старателот. Додатната настава се организира во мали групи со најмногу до десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделение.

За реализација на додатната настава наставникот: ги идентификува учениците; изготвува програма за додатна настава согласно интересите на ученикот; ја реализира програмата; го следи и контролира напредокот на ученикот и води педагошка евиднција за додатна настава.

Наставникот ја изготвува програмата за додатна настава во соработка со ученикот и ја надополнува со предлози од ученикот. Наставникот исклучиво има интерактивен пристап и користи активни методи на учење, како што се: истражувачки активности, учење со откривање и решавање на проблемски ситуации, самостојно истражување од страна на ученикот и слично.

Наставникот доказите за напредокот на ученикот ги чува во портфолиото на ученикот. Прибраните докази му користат на наставникот за планирање на идната работа, информирање на родителот/старателот и стручната служба во училиштето.

Дополнително, најдоцна до 20 Септември согласно распоредот за учебната 2025/2026 година ќе биде изработен и распоред за додатна настава по одделни предмети.

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Знаењата и вештините можат да се научат, но талентот ученикот го носи во себе, а наставникот преку својата работа треба да го препознае и мотивира неговиот индивидуален развој, како и да го подржи талентираниот ученик. Работата со надарените деца, денес претставува важен сегмент во образовниот систем. Акцентот во Програмата за работа со надарени ученици се става врз методите и формите на работа кои ќе бидат насочени кон оспособување на учениците за самостојно учење, развивање на критичкото мислење и креативните способности , како и нивно оспособување за користење методи и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија за проблемски ситуации.

Надарените ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот (анегдотски белешки, оцени, лична евиденција на секој наставник одделно). Селекцијата на овие деца се врши и преку индентификациони листи за логичко математичка, ликовна, јазична и музичка надареност.

Работата со надарени и талентирани ученици во нашето училиште се реализира преку:

- индивидуализација во наставата со учениците;
- групна настава за учениците со приближно исти способности ;
- додатна настава
- проектни активности;
- воннаставни активности
- организирање натпревари,конкурси и истражувачки активности;
- организирање креативни работилници .

Конкретната Програма со наведени активности е во Прилог на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025-2026 година.

### 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители, за што се приложува и медицинска потврда ( наод и мислење за видот и степенот на попреченост) од релевантни институции. Неколку години функционира МКФ( Проценка на функционалноста на детето-Меѓународна класификација на функционирање,попреченост и здравје ) каде што родителот го носи своето дете на проценка и таму му вршат тестирање и тој стручен тим проценува дали детето има потреба од пролонгирање на учебна година,поставување на ментор-наставник за работа со него во самото училиште и сл.

Училишниот инклузивниот тим согласно програмата за работа, врши процена на моменталното ниво на знаења и функционални способности на ученикот со посебни образовни потреби, креира педагошки профил на ученикот и во соработка со родителот изготвува индивидуален образовен план. За учениците со ПОП се изготвува долгорочен, среднорочен и краткорочен индивидуален образовен план кој е во согласност со нивните можности, способности и интереси.

Инклузивниот тим дава поддршка и насоки на наставниците во процесот на планирање, организација и реализација на воспитно-образовната работа со учениците со посебни образовни потреби и двапати во учебната година врши ревизија/евалуација на степенот на постигањата на целите предвидени со ИОП-от, а на барање на родителите и почесто, и по потреба врши дополнување и нивна корекција.

### 8.14. Туторска поддршка на учениците

Во учебната 2025-2026 година не се организира туторска поддршка на учениците.

### 8.15. План на образовниот медијатор

Нашето училиште до сега има добиено само еден образован-личен асистент назначен од страна на Ресурсниот центар Маца Овчарова и своите активности ги реализира со еден ученик од ПУ Караорман.

## 9. Воннаставни активности

### 9.1. Училиштни спортски клубови

**Училишниот спорт** како дел од воннаставните активности во нашето училиште има непосредно влијание врз психофизичкиот развој на  учениците, го унапредува нивното здравје, изградува навики за здрав живот и спортска култура. Спортските активности, игрите, гимнастиката ги задоволуваат потребите за физичка активност кај учениците.Се организираат натпревари како во колективните спортови (кошарка, фудбал, ракомет, одбојка) така и во индивидуалните спортови ( атлетика, карате, џудо,борење, пинг-понг, шах).

Системот на натпревари е претходно утврден од Сојузот на Училишен Спорт на град Штип,и тоа прво се организираат општинските натпревари, победниците од тие натпревари учествуваат на регионалните натпревари, а победниците на регионалните учествуваат на државни натпревари или на Државни Олимписки Игри кои се организираат на секои две години. Натпреварите се организираат во текот на целата година од септември до јуни во зависност од просторните услови во кои се одржуваат натпреварите.

За реализација на слободните спортски активности се задолжени наставниците по физичко и здравствено образование Илија Кикиритков и Виктор Богданов.И оваа година ќе продолжи со активности училишниот боречки клуб  БК ,,Карбинци’’.

### 9.2. Ученички акции

Акциите се краткотрајни вонннаставни активности кои се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и неколку денови и  можат да имаат општествен, хуманитарен или друг карактер. Акциите кои ќе бидат реализирани во текот на учебната 2025-2026 година се: базари, хепенинзи, хуминитарни настани, еколошки акции) како што се, на пример: различни еколошки акции (ден на екологијата,Ден на планетата Земја, Европска недела на мобилност,Генералка викенд), хуманитарни акции, продажни базари (Новогодишен базар, Велигденски базар) волонтерски активности и друг вид општествено корисна работа ( Есенско, новогодишно и пролетно уредување на училишниот простор, Светски ден на здрава храна) .

**10. Ученичко организирање и учество**

Во училиштето се организира заедница на паралелки со избор на претседател кој станува член на ученички парламент. Ученичката заедница на ниво на училиштето претставува највисока форма на организирање и дејствување на учениците во рамки на училиштето.

Ученичката заедница на ниво на паралелка во соработка со одделенскиот раководител формира раководство на ученички парламент  и сите членови изготвуваат  програма за работа во која ќе бидат предвидени активностите и задачите на учениците со кои ќе се овозможи да се поттикнува и развива иницијатива, да се согледаат, постават и решат заедничките проблеми, да се придонесува во организирањето и спроведувањето на културниот, забавниот и спортско-рекреативниот живот во училиштето да се соработува со наставниците, одделенските раководители и стручните работници при решавањето на проблемите поврзани со наставата.Ученичката заедница,детскиот парламент и детскиот правобранител во нашето училиште се во координација и работа со наставникот по Граганско образование.

## 11. Вонучилишни активности

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

**ООУ „Страшо Пинџур“- Карбинци**

**Годишна програма за екскурзии, излети, настава во природа  и други вонучилишни активности на учениците**

Врз основа на одлука од Училишен одбор, Стручен тим за изработка на програма за екскурзии, излети, настава во природа и други вонучилишни активности на учениците, за учебната 2025/2026 година, ги планира следниве посети:

| Екскурзии / Излети / Настава во природа | Време на изведување | Релација | Одделение |
|---|---|---|---|
| **Еднодневен есенски излет** | октомври-ноември 2025 | Манастирска црква Св.Ѓорѓија с. Ораовица - Радовиш | **I-IX** |
| **Еднодневен пролетен излет** | април-мај 2026 | Лесновски манастир с.Лесново-Пробиштип | **I-IX** |

Тим за

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Еднодневна екскурзија** | април-мај 2026 | Скопје | **III** |
| **Еднодневна екскурзија** | септември 2025-мај 2026 | Скопје | **VI-IX** |
| **Дводневна екскурзија** | септември 2025-мај 2026 | Западна Македонија-Охрид | **VI** |
| **Тродневна екскурзија** | септември 2025-мај 2026 | Западна Македонија-Охрид | **IX** |
| **Тродневна настава во природа** | октомври 2025-мај 2026 | Западна Македонија-Охрид | **V** |

изготвување Годишна програма за екскурзии, излети, настава во природа и други вонучилишни активности за учениците :

1.Наталија Костова, директор

2.Актив на одделенски наставници за III и V одделение

3.Класни раководители на VI и IX одделение

Врз основа на член 6 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019г Скопје, донесен од Министерот за образование и наука и врз основа на Годишната програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ –Карбинци за учебната 2025/2026, Стручниот тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни активности на ООУ „Страшо Пинџур“, во состав Наталија Костова - директор, Актив на одделенски наставници од трето одделение изготви

**ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ**

**ПРИ ООУ „Страшо Пинџур“- Карбинци**

Училишната ексурзија на учениците е посебен облик на воспитно-образовната работа на училиштето. Таа има за цел совладување и проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање со појавите, како и односи во природната и општествената средина, културно-историските знаменитости во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.

Согласно Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности, екскурзијата се организира и изведува на места, локалитети и објекти во друг географски регион од местото на живеење на учениците и согласно Програмата за екскурзии која е составен дел на годишната програма за работа на училиштето, за оваа учебна

година за учениците од трето одделение е планирана еднодневна екскурзија во Скопје  и истата ќе  се реализира во месец април - мај 2026

**Екскурзиите** претставуваат организирана форма на наставна работа од училиштето со цел учениците водени од страна на наставникот/ците непосредно да воспостават контакт со природата, местата, објектите, предметите и појавите.
Програмата за изведување на еднодневната екскурзија за учениците од трето одделение при ООУ „Страшо Пинџур"- Карбинци содржи:

**1.Воспитно – образовни цели и задачи на планираната екскурзија**

-Запознавање на учениците со предметите, појавите во нивната природна средина и во нивните животни услови;

-Проширување на знаењата за одделни подрачја во животот, природните убавини и културно- историските знаменитости во потесната и пошироката заедница;

-Поттикнување љубов кон татковината, нејзините природни убавини, историски и други вредности;

-Поврзување на теорија со пракса;

-Градење  чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот;

-Развивање смисла за убаво, љубов кон природата, природните убавини, природните и културно – историските споменици;

-Развивање на способност за запознавање и препознавање на објекти во локалната средина;

-Јакнење на социјализација, солидарност, патриотизам и сл.;

-Развивање на способност за набљудување, воочување, формирање на претстави и поими;

-Формирање на позитивен однос кон човековата околина;

-Социјализација на младата личност-негување на другарството;

-Правилен психофизички развој на младата личност;

**2.Задачи**

- Изучување на одредени појави и објекти во градот Скопје и неговата околина;
- Запознавање со дел од културата и начинот на живеење во главниот град;
- Развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности ;
- Градење еколошки навики и култура на однесување во сообраќајот;

**3.Содржини и активности**

**-Посета на аеродромот "Александар Велики "**, разгледување на работниот простор, вработените и нивните задачи, набљудување и одблиску запознавање со тоа како е уреден еден аеродром, како изгледаат авионите, набљудување како полетуваат и слетуваат и се онаа што треба учениците да знаат за воздушниот сообраќај ;

**-Посета на Скопското Кале**, панорамско разгледување на Скопје, запознавање на позначајните објекти, реката Вардар, сообраќајници, културно-институционални објекти;

-**Посета на црквата „Св. Спас" –** разгледување и детално запознавање со внатрешноста на црквата и дворот во кој се наоѓа камен саркофаг со посмртните остатоци на македонскиот револуционер Гоце Делчев.

**-Посета и прошетка низ Старата Скопска Чаршија**, разгледување на стари градби, запознавање со стари занаети, производи кои се изработуваат;

**-Посета на Музејскиот комплекс Македонска Борба –**разгледување на музејот и запознавање со историјата на македонскиот народ , разгледување на восочните фигури на историски личности и уметнички слики за важни настани кои го отсликуваат револуционерното минатото на македоснкиот народ;

**-Посета на Спомен куќата на Мајка Тереза –**разгледување на музејот , детално запознавање со тоа како е уреден , запознавање со животот на најпознатата скопјанка , хуманистка и нобеловка Мајка Тереза;.

-**Посета на Зоолошка градина** – Разгледување на Зоолошката градина, запознавање со тоа како е уредена, со животните кои живеат во неа и нивните живеалишта.

**4.Стручен тим за подготовка на програмата:**

1. Наталија Костова, директор
2. Актив на одделенски наставници од трето одделение.

**5.Време на изведување и времетраење**

- април-мај 2026
- 1 ден

**6.Локации и правци за патување**

Локации за посета: Аеродромот "Александар Велики ",Скопско Кале, црквата„Св.Спас",Стара чаршија, Музејскиот комплекс - Македонска борба, Спомен куќа на Мајка Тереза , Зоолошка градина.

Правци на патување:

07.30 часот -Поаѓање од Карбинци кон Скопје, упатување кон првата локација за посета - аеродромот "Александар Велики ";

08.30 часот - Пристигнување на аеродромот "Александар Велики ",

10.00 часот – Упатување кон градот, следна локација – Скопско кале

11.00 часот– Посета на црквата„Св.Спас",поминување низ Старата чаршија,
12.00 часот – Упатување кон Музејскиот комплекс Македонска борба
13.00 часот –Пауза за ручек
15 00 часот –Посета на спомен куќата на Мајка Тереза
16.00 часот – Посета на Зоолошка градина
17:00 часот - Поаѓање назад кон Карбинци

**7.Техничка организација**

**Техничката организација на екскурзијата** е согласно Правилникот, член 16, одредба 2, член 17 и член 18.

-Спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзија со објавување на огласт во најмалку два дневни весника – еден што се издава на македонски јазик и еден што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот: Формирање на комисија за прибирање на понудите и споведување на постапката.
**-**Автобусот треба да ги задоволува условите според правилникот (доколку бројот на пријавени ученици е помал тогаш ќе се ангажира 1 минибус)

**8.Начин на финансирање**

Екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителите/ старателите.
Непосредно по реализирањето на екскурзијата во рок од седум дена, стручниот тим изготвува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на екскурзијата (член 28 од Правилникот).

Стручен тим за подготовка на програма за
екскурзии, излети и вонучилишни активности за учениците

Раководител:

1.Билјана Донева
2.Изет Али

## *Програма за реализација на Настава во природа за*
## *V - одделение во учебната 2025/2026 во ООУ „Страшо Пинџур “ - Карбинци*

Врз основа на член 6 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта бр.07.9992/2 од 05.06.2014 година и бр. 20-9926/1од 15.08.2017 година, донесен од

Министерот за образование и наука и врз основа на Годишната програма за работа на ООУ ,,Страшо Пинџур,, - Карбинци за учебната 2025/2026 г, Стручниот тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни активности во состав:

Директорот на училиштето, стручниот актив на оделенска настава изготви:

**<u>ПРОГРАМА</u>**

**За организирање и реализирање на Настава во природа за V одделение**

**На деветгодишно основно образование**

ООУ „Страшо Пинџур" - Карбинци, соучениците од V одделение, на деветгодишно основно образование во учебната 2025/2026 година планира да изведе Настава во Природа во градот Охрид во есен 2025 или пролет 2026 година- (месец октомври 2025 или мај 2026 год.)

***<u>ПЛАНИРАНА НАСТАВА ВО ПРИРОДА ЗА ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО</u>***

***<u>УЧЕБНАТА</u>*** *2025/2026* ***<u>год.</u>***

**Основно училиште:** ООУ"Страшо Пинџур" – Карбинци

**Место на престој** – Охрид

**Време на реализација**- октомври 2025 или мај 2026 год.

**Раководител на екскурзијата** : одделенските наставници од петтите одделенија

**Учесници** – учениците од V (петто) одд. од централното училиште и учениците од V (петто) одд. од подрачните училишта.

**Времетраење:** три дена

**Релација :** Штип – Прилеп - Битола –Охрид- Битола – Прилеп- Штип

**Место на тргнување**- пред училишниот двор на ООУ"Страшо Пинџур" – Карбинци

**Превоз и патување**- превозот на учениците ќе се врши со автобус (комбе) во зависност од бројот на ученици.

# ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА

## ***ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА***

- Да се развива самостојноста, одговорноста, истрајноста кај учениците;
- Да се развива љубопитноста (да умеат да поставуваат прашања и да даваат соодветен одговор на нив);
- Да се оспособат за меѓусебна организација, комуникација, тимска работа, примена на стекнати знаења во нови ситуации;
- Да се оспособат критички да размислуваат и  самостојно да ја  согледуваат потребата од докази;
- Активно да се вклучат во решавање на проблемски практични задачи;
- Стекнатите знаења и визуелните доживувања од терен да умеат практично да ги применуваат во конкретни ситуации за време на Наставата во природа;
- Да умеат да ги применуваат сите техники на учење во различни конкретни ситуации (набљудување, собирање податоци, експериментирање, споредување, истражување, синтеза, анализа);
- Да се запознаат со природното богатство на татковината и истите да ги користат како ресурси во стекнувањето на знаења;
- Да се разберат настаните од минатото (природни богатства, стопанство, културно- историски споменици и знаменитости, објекти од културата, археолошки наоѓалишта, автентичноста на охридската староградска архитектура );
- Да се развиваат способности на учениците (мисловни способности, конгитивни , разни мануелни способности, просторно претставување);
- Поттикнување на позитивни чувства (успешност, самосвест, позитивен однос кон стекнување на знаења, трајност на стекнатите знаења, соработка со учениците во групата, соработка со менторите и другите возрасни лица);
- Развивање на социјализација меѓу учениците прилагодување и приспособување на интересите;

- Да се надминат меѓунационалните, социјалните и други разлики во развојот и комуникацијата на учениците и формирање на личноста, активно и креативно вклучување во понатамошниот воспитно-образовен процес и во другите сфери на живеење и работа;
- Запознавање со природните убавини во Западна Македонија;

**<u>Конкретни цели и очекувани резултати по наставни предмети</u>**

**Македонски јазик:**

Ученикот/ученичката

-Да се оспособува за самостојно усно и писмено изрзување на своите впечатоци и збогатување на речникот

-Да се оспособи да учествува во разговор во кој искажува доживувања, чувства и факти

-Да се оспособува самостојно да пишува текст на дадени теми

-Да се поттикнува своите емоции да ги запише во стихови

-Да се оспособува да напише извештај за определен настан

-Да се оспособува да опишува предмет, природна појава, локалитет

**Математика:**

Ученикот/ученичката

-Да се оспособува да прибира податоци

-Да се оспособува да претставува и чита податоци во табели и столбести дијаграми

-Да се оспособува да ги користи мерките за должина во претставување на одалеченоста на посетените места ( да ги запишува , пресметува и споредува)

**Историја и општество:**

Ученикот/ученичката

-Да се запознае со природните убавини на својата татковина

-Да се оспособат за забележување, опишување , размислување односно обработување на добиените податоци, градење ставови и формирање заклучоци, синтетизирање и аргументирање

-Да препознава стопански и нестопански дејности застапени во тој предел (туризам, риболов, овоштарство, занаети меѓу кои изработувачите на филигран и Охридски бисер)

-Да се оспособи да составува прашања

-Да се запознае со градби од минатото, традиционална архитектура и сегашноста

-Да се запознае со арехолошки пронаоѓалишта, локалитети, ископини како остатоци од минатото

-Да се запознае со споменици на културата (спомен куќи, музеи...)

**Ликовно образование:**

Ученикот/ученичката

-Да се оспособува ликовно да ги изразува своите впечатоци

-Да се поттикнува да внесува повеќе детали при цртање од набљудување

**Музичко образование:**

Ученикот/ученичката

-Да се запознае се народните песни карактеристични за Охридско – Струшкиот предел

-Да се оспособи за пеење и свирење ( на блок флејта) на песната ,,Билјана платно белеше“

**Физичко и здравствено образование:**

Ученикот/ученичката

-Да се оспособи за трчање по нерамен терен, во природни услови

-Да се обучува за изведување штафетно трчање

-Да се ориентираат координирано во просторот

**Еко тема:** Подигнување на свеста за заштита на природата, набљудениа на нејзината флора и фауна, изработка на мал Хербариум.

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ:**

-Западниот дел на Р. Северна Македонија – градови, реки, планини, кањон, извор, езера, музеи, средновековни градби, антички градби, цркви, манастири.

-собирање, селектирање и организирање на релативни податоци – извлекување на заклучоци;

-Собирање, селектирање и организирање на релативни податоци – бројни низи и табели за системско решавање на проблеми;

-Извлекува заклучоци од сопствените и податоците на другите и идентификува дополнителни прашања.

-Воспитно образовните цели, задачите, содржините и активностите за време на наставата во природа, ќе се реализираат согласно распоредот на часовите за тие денови, како и целите од наставните програми

**КОНКРЕТИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИТЕ СОДРЖИНИ**

**Македонски јазик**

1.Говорна и писмена вежба - ,,Моите впечатоци од патувањето до Охрид“

2.Раскажување по доживеан настан – ,,Настанот што нема да го заборавам“

3.Литературно творење за градот Охрид по набљудување

4.Читање на легенди за Охрид и Охридското езеро

5.Обработка на текст

**Математика**

1.Собирање на податоци

2.Средување и претставување на податоци

3.Решавање на проблемски текстуални задачи со примена на мерки за должина и време

4.Проценување и споредување на мерките за време

5.Решавање на проблемски задачи со извлекување заклучоци

**Музичко образование**

1.Обработка на песната Билјана платно белеше

2.Мелодика

**Ликовно образование**

1.Сликање на блиската околина

2.Изработка на ликовни творби од природни материјали

**Историја и општество**

1.Активности на географска карта

2.Изработка на туристичка карта

**Физичко и здравствено образование**

1.Меѓу одделенски натпревар во фудбал

2.Пешачење во блиската околина, ореиентирање во простор

**Еко тема:** Подигнување на свеста за заштита на природата, набљудениа на нејзината флора и фауна, изработка на мал Хербариум.

**Активности и методи:**

-Разгледување на природата и фотографирање од страна на учениците за изработка на мал фото албум

-Посета на антички театар Охрид, Плаошник, Самоилова тврдина, црквата „Св. Јован Богослов“ - Канео, манастирот Св. Наум Охридски, црквата Св. Софија.

-Посета на Музеј на Вода, наколни живеалишта, споредба на живеењето во минатото и современиот живот.

-Разгледување на старата чаршија во Охрид

-Проект на тема: Туристичките локалитети ( албум со илустрации)

-Демонстративен метод- презентирање на изработките;

-Проектна настава: групен облик на работа - Изработка на проекти за одделни историски периоди;

***<u>НАСТАВНИ ФОРМИ</u>***

- Заедничка
- Групна
- Парови/ тандем
- Индивидуална
- Индивидуален пристап

**<u>НАСТАВНИ МЕТОДИ</u>**

- Говорна метода
- Текст метода
- Метод на пишување
- Метод на практична работа
- Метод на проблемско учење
- Метод на учење со откривање
- Метод на истражување

**<u>НАСТАВНИ СРЕДСТВА:</u>**

- Географска карта на Р. Северна Македонија
- Нема карта на Р. Северна Македонија
- Мелодика
- Фото апарати
- Блок
- Пастели
- Подлоги
- Прибор за пишување

- Прибор за цртање ( водени и темперни бои,четки,фломастери,дрвени боици)
- Ножички, лепак
- Работна тетратка

**<u>АКТИВНИ МЕТОДИ</u>**

- Автентично учење
- Учење преку решавањепроблеми
- Акциски проект
- Критичко размислување
- Самостојно истражување
- Стратегии за критичко мислење

**<u>Техники на учење</u>**

Бура на идеи, Грозд, Скелетен приказ, Петторед, ЗСУ, Скриени мапи...

# ВРЕМЕТРАЕЊЕ

**Наставата во природа за петто одделение ќе се реализира во времетраење од три дена.**

## *<u>СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ ЗА ВРЕМЕ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА</u>*

## Активности за првиот ден

| ПРВ НАСТАВЕН ДЕН | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Опис на планирани активности по денови | | | |
| **Цел** | **Место** | **Активности** | **Време** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -Разгледување на спомениците во Спомен паркот на Револуцијата во чест на паднатите борци од НОВ<br><br>-Настанување и значење на Марковите кули<br><br>- Запознавање со античкиот локалитет Хераклеа, неговото постоење и значење<br><br>-Прошетка и разговор на брегот, дискусија за познатата охридска пастрмка, нејзиното мрестење и одгледување.<br><br>-Разгледување на живописниот предел, воочување на животинскиот и растителен свет.<br><br>-Да ја развијат умешноста и креативноста за изградба на песочни дворци користејќи природни материјали пронајдени покрај брегот.<br><br>-пресметува плоштина на правоаголник и квадрат | ❖ Тргнување од местото на живеење и попатно панорамско разгледување<br>❖<br>❖ **Посета на спомен паркот-Могила**<br><br>❖ **Попатно разгледување на Маркови кули-Прилеп**<br>❖ **Посета на археолошкиот локалитет Хераклеа-Битола**<br><br>❖ Пристигнување и сместување во попладневните часови во хотелот<br><br>❖ **Прошетка на брегот на Охридското Езеро.**<br><br>❖ Наставни активности | -Фотографирањенаспоменици и стариградби<br><br>- Разговорсостручнилица<br><br>-Литературно читање на песни, легенди и преданија за настанокот на Охридското Езеро.<br><br>-Фотографирање<br><br>-Играње на бабина игра „Петкаменца„<br><br>-Изработка на песочни фигури индивидуално и групно по своја фантазија и желба.<br><br>- Интерпретација на текстот ,,Приказна за галебот Арчибалд,,<br><br>-Мерење- | Претпладне<br><br>Попладне |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -Извлекува заклучоци од сопствените и податоците на другите | ❖ Забава | -Пресметување плоштина на правоаголни и квадратни форми | Вечер |

- **Пристигнување и сместување** во предвидениот објект;
- Истакнување и укажување на **кодексот на однесување** за време на престојот;
- Давање насоки,напатствија и упатство за **однесувањето и хигиената** во и надвор од објектот;
- Образложување и истакнување на сите **посети и активности** кои ќе бидат дел од Наставата во природа (за сите три дена).

- Во текот на првиот ден е предвидено да се одржат два наставни часа во попладневните часови со цел извлекување на предзнаењата на учениците стекнати во училницата;
- Дијагностицирање на степенот на усвоеност на знаењата со разговор и дискусија и укажување на целите и очекуваните резултати кои би произлегле од оваа Настава во природа.

| *ВТОР ДЕН* | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Место на реализација | Активности | Време на реализација |
| -Да се запознаат и да научат интересни факти за Билјанините извори ; | • **Посета на „Билјанини извори„** | - Прошетка и пеење на песната „ Билјана платно белеше„ . | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Запознавање на учениците со областа која неодамна е пронајдена и отворена како археолошко наоѓалиште и е сведок на нашата богата историја и постоење, согледување на начинот на живот, исхрана, опстанок на луѓето во минатото ;<br><br>-Разгледување на автентично рачно изработените предмети карактеристични за охридскиот регион како и фреските и иконите во црквата Св.Наум и нејзината надворешност.<br><br>-Откривање и проширување на новите знаења за оваа област; | • **,,Заливот на коските,,**<br><br>• **и Св.Наум** | -Читање на интересни текстови, следење на изготвена презентација за настанокот на локалитетот, разгледување слики , слушање на преданија и легенди кои народот ги напишал како народни мудрости.<br><br>-Прошетка и разгледување на околината | Претпладне<br><br>Попладне |

| ТРЕТ ДЕН | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| Цели | Место на реализација | Активности | Време на реализација |
| - Разгледување на учениците на стариот дел на градот Охрид каде припаѓаат многу манастири, амфитеатри и големата Самуилова тврдина;<br><br>-Воочување на гробниците на | **Посета на Канео,**<br>**Плаошник,**<br><br>**Самуиловата тврдина,** | -Набљудување на надворешниот и внатрешниот изглед на посочените објекти, дознавање за историјатот за нивниот постанок, дискусија со кустоси, поставување и одговарање на прашања. | Претпладне |

| | | | |
|---|---|---|---|
| учителите на словенскиот народ;<br><br>Воочување на вредноста од постоењето на сите локалитети во стариот град кои се сведоци многу илјадници години за нашето постоење<br><br>-Разгледување на старата чаршија во Охрид;<br><br>-Именување на старите занаети кои се сретнуваат во чаршијата;<br><br>-Воочување на архитектурата на куќите во овој дел од градот. | **Амфитеатарот и**<br><br>**посета на охридската**<br><br>**чаршија;** | -Фотографирање пред познатите историски и културни значајни знаменитости.<br><br>-Набљудување и разгледување на охридската чаршија.<br><br>-Воочување на изгледот и автентичноста на охридската чаршија.<br><br>-Разгледување на мноштвото рачно изработени сувенири и надалеку прочуениот охридски бисер.<br><br>-Фотографирање | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да се развива интерес за активно вклучување во активности за сумирање на стекнатите знаења.<br><br>- Да се развива истрајност и упорност , натпреварувачкиот карактер на игрите .<br><br>- Да се развива желбата за успех и достигнување на посакуваниот степен на знаења.<br><br>- Разгледување и уживање во овој предел од својата татковина кој е богат со многу шуми, и природни убавини | - Сумирање на стекнатите знаења преку активности од забавен карактер<br><br>**Тргнување од хотелот во попладневните часови, посета и разгледување на попатни знаменитости при враќање во Штип .**<br><br>**-Пристигнување во вечерните часови.** | - Забавни игри и квиз за поттикнување и мотивирање на наученото од посетите;<br><br>Разгледување, воочување и разговорзапопатнитеприродниубавини и богатствана РМ. | -Попладне |

| *ВТОР НАСТАВЕН ДЕН* | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Предмет | Активности | Време на реализација |
| -Да знаат усно и писмено да се изразуваат и да раскажуваат во однос на доживеаното и виденото;<br><br>-Да развиваат креативност и умешно да создаваат стихови;<br><br>-Да умеат да пеат песни придружени со музичка кореографија;<br><br>- Развивање на креативност и умешност за ликовно изразување по видено и доживеани настани; | **Прв час**<br><br>Македонки јазик во корелација со музичко и ликовно образование<br><br>**Втор час** | -Потик и мотивација за усно и писмено изразување<br><br>-Пишување писмен состав на зададена тема<br><br>-Пишување песни со римувани стихови<br><br>-Избор на најдобра групна кореографија<br><br>**-Усно прераскажување на историси факти од минатото** | Попладне |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -Самостојно да се поттикнуваат да го користат веќе стекнатото знаење и визуелизација на терен<br><br>-Раскажување на случки и начинот на живот на луѓето во минатото | Историја и општество | -Евалуација на изучените наставни содржини | |

❖ ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ

- *Учениците знаат усно и писмено да се изразуваат по доживеани настани*

| *ТРЕТ НАСТАВЕН ДЕН* | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Предмет | Активности | Време на реализација |
| -Развивање на креативност и умешност за ликовно изразување по видено и доживеани настани; | -Ликовно образование | Ликовно творење<br>- Искажување импресии и доживувања од престојот во градот Охрид ,Охридското Езеро и хотелот и досегашните активности | -Попладне |

ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ

- *Учениците знаат да решаваат задачи на различни нивоа и умешно се изразуваат на ликовен начин*

## ПОДГОТОВКИ ПРЕД ПАТУВАЊЕ:

Учениците пред поаѓање од интернет треба да симнат податоци за градовите и местата што ќе ги посетат.
Дел од реализација на активностите ќе се одвиваат во училницата, а дел во природа.
Учениците за цело време додека трае наставата во природа со себе ќе носат тетратка и ќе водат дневник на набљудување во кој ќе ги забележуваат местата кои ги посетуваат и сознанијата кои ги стекнуваат.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

Учениците да се запознаат со убавините и историјата на својата татковина и истите да ги негуваат и почитуваат. Стекнатите знаења да ги продлабочат, утврдат, прошират и зб огатат, како и да се здобијат со нови знаења и искуства. Да стекнат конкретна претстава за некои изучени поими. Кај учениците да се развива другарството, меѓусебното помагање и соработка.

## ОЦЕНУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ:

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираност за работа, ангажираност и посветеност во работата, практична работа, посети, помош на своето другарче во работата, тимска работа во парови, индивидуален пристап на секое дете, усно и писмено изразување. Приоритетно се оценуваат умеењата на учениците во процесот на изведување на конкретна задача.

| **Помошни средства за реализација на програмата** | |
|---|---|
| **Дидактички помагала и извори** | **Други помошни средства** |
| - Дневен печат, списанија | - восочни |

| | |
|---|---|
| - Слики, модели, ТВ емисии<br>- Дневник за набљудување на ученикот<br>- Учебник: Македонски јазик, Математика, Општество-петто одделение<br>- Наставни ливчиња<br>- Географска читанка<br>- Историска читанка<br>- Енциклопедии<br>- Компјутер<br>- Телефон | - воденибои<br>- темпернибои<br>- четки<br>- листовиодблок |
| **Внатрешни соработници** | **Надворешни соработници** |
| Активна одд. настава | Родител |
| Педагог | |

ЕТАПИ НА СЕКОЈДНЕВНИТЕ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ

**Прва етапа од 7 до 8 часот**

Во првата етапа е предвидено (станување, утринска гимнастика, појадок на учениците);

**Втора етапа од 8 до 8:30 часот**

Во оваа етапа учениците се подготвуваат за предвидени посети на планираните објекти;

**Трета  етапа од 8:30 до 11:30 часот (ужина од 11:30 до пладне 12:00)**

Во третата етапа е предвидено да се извршат сите посети предвидени за тековниот ден;

**Четврта етапа од  12  до 13 часот**

Време наменето за враќање назад во одмаралиштето

**Четврта етапа од 13  до  14 часот**

Краток одмор и подготовка за ручек

**Петта етапа  14  до 16 часот**

Одмор и средување на впечатоците од денот

**Шеста етапа 16  до 16:40 часот  (ужина до 17часот)**

Одржување на прв наставен час според предвиденото

**Седма етапа од 17 до 17:40**

Одржување на втор наставен час

**Осма етапа од 17:40 до 19:00**

Краток одмор и спортски активности

**Деветта етапа од 19 до 20**

Подготовка за вечера и вечера

**Десетта етапа**

Во оваа завршна етапа учениците се релаксираат со низа активности од забавен карактер (маскембал, пеење, играње, друштвени игри и др.)

СМЕСТУВАЊЕ

Сместување ќе се реализира во еден од хотелите: ,,Десарет", ,,Славија", ,,Бренд",, ,,Метропол", ,,Бетон" или детското одморалиште „Радости" кои се наоѓаат во Охрид, а кои објектите ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни за сместување на учениците, (двокреветни и трокреветни соби) содржат добро организирани простории за одржување на личната хигиена и располагаат со соодветни простории кои ги исполнуваат потребните стандарди за училница за реализација на настава, трпезарии и другите пропратни простории за пријатен престој на учениците,со спортски објекти и терени се во непосредната околина и истите ќе придонесат за непречено реализирање на спортско рекреативните активности, утринската гимнастика,спортските натпреварувања меѓу учениците и располагаат со простории за културно забавен живот на учениците.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**

Наставата во природа под мотото

**„ПАТУВАМЕ, УЧИМЕ, СЕ ЗАБАВУВАМЕ - ТАТКОВИНАТА ЈА ИСТРАЖУВАМЕ“** ќе биде финансирана од страна на родителите/старателите.

Наставата во природа ќе јареализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија, а која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми.

За безбедноста на учениците ќе се грижат одделенските раководители на петтите одделенија.

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:**

**Училиштето има изготвено *процедура за откривање и грижа за учениците со потешкотии во учењето:***

-Во почетокот на учебната година во училиштето се формира тим за поддршка на учениците со потешкотии во учењето кој изготвува програма за идентификација и поддршка на истите;

-Наставниците, стручните соработници и родителот/старателот вршат опсервација на учениците (најкратко првото полугодие за учениците од прво одделение и најкратко три месеци за учениците од останатите одделенија);

-Преку примена на инструменти се врши иницијална процена и се утврдува способноста за учење, како  и подрачјата на потешкотии кај ученикот;

-Согласно потребите/потешкотиите на ученикот во учењето тимот за поддршка (наставник, дефектолог, педагог, психолог) изготвува програма за индивидуална поддршка;

-Наставникот во текот на учебната година, по завршување на секој класификационен период ги следи индивидуалните постигања/ успехот  на учениците со потешкотии во учењето; -Тимот за поддршка континуирано го следи когнитивниот и социо-емоционалниот развој на учениците;

-Советодавно консултативна работа со родителот/старателот на ученикот (насоки за работа во домашни услови);

-Соработка на тимот за поддршка со релевантни институции ( Завод за ментално здравје, Центар за социјална работа, СОС ресурсен  центар за родители и деца, Црвен крст на Р.С.М...) со цел подобрување на  емоционалниот и социјалниот статус на учениците;

Училиштето посветува внимание на промовирањата на постигнувањата на учениците како преку редовната настава така и преку медиумите, Facebook страната на училиштето и преку социјалните мрежи. Училиштето креира политики за поттикнување на наставниците и учениците во поголем број на натпревари на локално, регонално и државно ниво.

Согласно Законот за основно образование и интерниот *Правилник за наградување и пофалување на учениците во училиштето* се спроведува следата процедура за наградување ученици:
- пофалби и награди се доделуваат на ученик, група ученици, екипа и паралелка, во текот и на крајот на учебната година;
-ученик се пофалува и наградува за: залагање и напредување во наставата, залагање и постигнат успех во слободните ученички активности (натпревари, ликовни, литературни и други наградни конкурси, изложби, лични творби и сл.), примерно поведение и позитивно однесување (развивање другарство, почитување и давање помош на другите лица, почитување наставници, вработени во училиштето и редовност во изведувањето на обврските), залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина (производствени, хуманитарни, културни и др.);
-предлогот за пофалби и награди го дава одделенски наставник/раководител, предметен наставник или училишна комисија, а одлука донесува одделенскиот односно Наставничкиот совет;
-на ученикот му се доделува пофалба во вид на диплома или пофалница;

-ученикот се наградува или пофалува за постигнатиот резултат два пати во текот на учебната година (на денот на училиштето и на крајот на учебната година);
-пофалувањето и наградувањето се прави на свечен начин во текот и на крајот на учебната година;
-за пофалбите и наградите се води соодветна педагошка евиденција и документација. -училиштето на крајот на учебната година избира првенец на генерација од редот на учениците од деветто одделение .

### 15.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето планира и превзема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.
На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со компаниите од локалната заедница, како и во соработка со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија. Исто така се организираат и посети на кариерни и продажни саеми, изложби, учество на конкурси.
Стручните соработници спроведуваат анкета со учениците за продолжување на нивното образование преку која се запознаваат со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието. Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интереси за правилен избор на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и др. активности поврзани со кариерното советување на учениците. Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критеирумите за упис во средно образование.
Програмата за Професионална ориентација на учениците е во Прилог на Годишната птограма за работа на училиштето за учебната 2025-2026 год.

### 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

За промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација во учебната 2025-2026 година ќе се реализираат неколку активности: едукативни работилници со родители, ученици и наставници, вклучување на стручни лица за определени области за дејствување, заеднички посети надвор од училиштето, зголемена соработка со невладини организации за спречување на насилство и дискриминација.

Училиштето има изготвено програма за превенција на насилното однесување чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во која учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности, се држат предавања со учениците за менталното здравје и благосостојбата на учениците. Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР, Центарот за социјална работа, Здравствени установи преку одржување едукативни работилници за учениците. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави.

Во соработка со релевантни институции во поблиската и поширокта околина се спроведуваат активности во училиштето во кои учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за намалување на сите форми на насилство.

Училиштето соработува и со Центарот за социјална работа, СОС Детско село Македонија, Ресурсен центар за родители и деца на Општина Штип од кои добива поддршка во грижата за децата од семејства со социјален ризик. Црвениот Крст на Р.С.Македонија одржува обуки и стручни предавања, како и ни доставува информативен материјал со цел едукација на учениците за превенција од болестите на зависност (алкохол, цигари, дрога...) и севкупна грижа за здравјето ( грип, заразни болести...) во рамки на училишниот Клуб за превенција и едукација.

## 16. Оценување

16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Постигнувањата на учениците се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и бројчани оценки.

Оценувањето на учениците се врши согласно стандарди за оценување во наставните програми утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и бројчани според три периоди:

● Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.

● Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и бројчани оценки. На крајот од првото тромесечие,третото тромесечие добиваат описни оценки. Бројчано се оценуваат на полугодие и на крајот од учебната година.

● Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение во сите периоди се оценуваат само со бројчани оценки.

● Заедно со свидетелство секој ученик на крајот од учебната година добива и додаток на свидетелство за описно оценување на учеството во воннаставните активности на ученикот, а од крајот на минатата учебна година 2024-2025 во додатокот на свидетелство стои и описното оценување од изборните предмети што ги изучуваат учениците од четврто до седмо одделение а догодина и осмо одделение.

На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот е евидентиран во е-дневникот на паралелката. Исто така проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) со однапред утврдена динамика, наставниците ја дефинираат во нивните годишни, тематски и процесни планирања. Следењето на напредокот и проверувањето на постигањата на учениците се врши преку континуирана примена на методи, форми и постапки за формативно оценување , како и инструменти за формативно следење на постигањата на учениците (чек листи, аналитички листи, увид во портфолио...) кои имат за цел да придонесат за подобрување на постигањата на учениците.

Оценувањето на учениците со попреченост, кој следат настава според ИОП во првиот период се оценуваат описно. Во вторниот и третиот период, постигнувањата на ученикот кои следат настава според ИОП може да се оценуваат описно и

бројчано. Учениците кои следат настава според модифицирана програма, се оценуваат описно во сите периоди на основното образование согласно со индивидуалното постигање на поставените резултати. Начинот на оценување на учениците со попреченост се прилагодува согласно со нивните потреби: писмени тестови на Брајово писмо, зголемен формат, во електронска верзија, аудио формат и слично, употреба на асистивна технологија, подолго време за тестот, помош за читање на прашањата од тестот, надгледувани паузи и флексибилен наставен план, присуство на образовен асистент. Начинот на оценување на учениците со попреченост го пропишува министерот, на предлог на Бирото.

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето постои тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување. За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибирааат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи.

Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за 3 години наназад.

При оценувањето се почитува транспарентноста, односно учениците и родителите редовно се информираат за постигањата – оцените.

Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано даваат усна и писмена повратна информација за нивните постигања. За истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени.

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Директорот на училиштето и стручните соработници во своите програми за работа имаат планирано посета на часови за следење и вреднување на квалитетот на воспитно образованиот процес четири пати во годината од кои два пати во прво полугодие и два пати во второ полугодие. За стручната посета директорот и стручните соработници користат инструменти за посета на часови и воннаставни активности, а по следењето следува консултација со стручните активи и индивидуална средба со наставниците за констатации и насоки за подбрување на воспитно-образовниот процес.

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Согласно законот за Основно образование на крајот на секоја втора наставна година училиштето врши самоевалуација.

Самоевалуацијата се спроведува во три фази:

-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);

-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);

-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на родители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).

Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја. Резултатите од самоевалуацијата се земаат во предвид при изготвување на План за развој на училиштето со цел да се обезбеди квалитет на наставата.

Училишната комисија изготвува извештај, а самоевалуацијата се реализира на секои две години.

## 17. Безбедност во училиштето

Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес во училиштето треба да се чувствуваат безбедно и сигурно за да можат успешно да ја извршуваат својата работа и да учествуваат во воспитно-образовниот процес. За таа цел училиштето ќе има физичко обезбедување и дежурни наставници.

Училиштето има план за заштита и спасување од природни катастрофи и незгоди кој содржи превентивни активности и мерки, оперативни активности и мерки и отстранување на последиците од незгоди.

Училиштето ќе развива стратегии за превенција, односно идентификување и справување со можните новонастанати безбедносни грижи во училиштето како што се меѓуетнички судири, пишување на графити на училишни ѕидови, дрога, застрашување, уништување на училишниот ентериер и друго.

Училиштето планира и реализира симулациона вежба за евакуација во случај на елементарни непогоди.

## 18. Грижа за здравјето

Здравственото образование на децата е приоритет не само заради самото здравје, туку и од гледна точка на самиот образовен систем за да можат децата да учат треба да се здрави. Тргнувајќи од оваа констатација, заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците е обврска на сите во училиштето, во непосредна соработка со родителите, здравствената служба и пошироката заедница. Програмата за заштита на здравјето на учениците се темели на законските прописи кои се одредени од Министерството за здравство и Министерството за образование и наука, сознанијата за развојните карактеристики на училишната возраст, психолошка, здравствена и физичка состојба на учениците. Нашето училиште со цел да им овозможи услови и да ги оспособи учениците за поздрав начин на живот во училиштето, домот и локалната средина води грижа за здравјето на учениците преку стекнување здрави навики во однос на лична хигиена, исхрана, заразни болести, грижа за здрава животна средина како и ментално здравје во однос на почитување на различностите и меѓуетничката толеранција.

### 18.1. Хигиена во училиштето

За одржување на хигиената во училиштето е одговорен техничкиот персонал, но со активно ангажирање и залагање на сите вработени. За таа цел постои протокол за одржување на хигиената во училниците, ходниците и училишниот двор.

Техничкиот персонал според утврдените задачи редовно ги извршува работните задачи така што хигиената во училиштето е на завидно ниво. Во текот на целата година се води грижа да е исправна и да функционира санитарната опрема во тоалетите. Сите тоалети и санитарен простор редовно се чистат, мијат, се дезинфицираат со дезинфекциони асептични детоксични средства. Во санитарниот простор редовно има тоалетна хартија и течен сапун. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простори, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите се чистат два - три пати во денот, училниците редовно се метат, се брише подот, се отстранува отпадот и се проветрува. Мебелот во училниците и канцелариските простории се брише секојдневно. Еднаш месечно се чистат, бришат, полираат дрвените и стаклените површини, врати, прозорци и друг инвентар. Другиот училишен простор со училишниот двор се одржува тековно чист, хортикултурно среден со поставени корпи за отпад . Со цел за чиста и здрава работна средина училиштето спроведува и интерни работни акции за средување на работното катче.

18.2. Систематски прегледи

Класичен метод за скрининг на здравјето на училишните деца се систематските прегледи, кои се вршат организирано во Јавните здравствени установи од страна на службите за превентивна здравствена заштита и превентивна стоматолошка заштита на училишни деца.

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и за учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со ЈЗУ Здравствен дом др.Панче Караѓозов Штип,според плановите за работа на институциите. За вработените покрај редовниот годишен санитарен преглед на секои три год, се врши и систематски преглед кој опфаќа: општ лекарски преглед, лабаториски преглед, интернистички, офтамотолошки преглед, ОРЛ преглед.

Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: I одд, IIIодд, Vодд, VII одд и IXодд., кој опфаќа: општ лекарски преглед, мерење на телесната тежина и висина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина и стоматолошки преглед. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба).

Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I одд до VIодд, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон.

За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во ЈЗУ Здравствен дом др.Панче Караѓозов Штип со одд.раководител или предметен наставник. При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка  истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес.

Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат  во здравствениот картон  и се води грижа за тајност и заштита на податоците.

18.3. Вакцинирање

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство , Државен санитарен и здравствен инспекторат.

Вакцинирањето се врши во Здравен дом-Штип во присуство на родител.

I одд. (6год.) МРП (морбили, рубеола и паротит)

II одд. (7год.) DTaP (Дифтерија, тетанус, пертусис) и IPV (полиомиелитис)

VII одд.(12 год) HPV (хуман папилома вирусни инфекции)

IX одд. (14 год.) dT (дифтерија и тетанус) и IPV (полиомиелитис)

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Свеста за здравата храна како важен фактор за здравјето на учениците се поттикнува преку предавања кои ги организира училиштето , работилници и индивидуални совети за учениците .

Се реализираат и активности и предавања во соработка со Црвен крст и други невладини организации . За вклучување на сите ученици во кампањата предвидени се работилници за изработка на рецепти, презентации, изработување на ликовни и литературни творби на теми за здрава исхрана. Училиштето секоја година во рамките на Програмата „Еко-училиште“ реализира активности. Во спроведувањето на активностите  за здрава исхрана учество земаат учениците, родителите и наставниците во изработка на штанд за здрава храна во училишниот двор по повод на Светски ден на здрава храна на  ден

16 Октомври 2025 година. Истите имаат за цел да ја подигнат свеста кај учениците за потребата од конзумирање на здрава храна како и создавање свесни генерации кои ќе останат имуни на брзата и нездрава храна.

## 19. Училишна клима

Во училиштето ќе се настојува:

- Негување и стимулирање позитивни вредности (ученикот во центар на севкупната работа на училиштето, инклузивност и еднакви можности за квалитетно образование на сите ученици, мултикултурализам и меѓуетничка интеграција во образованието,тимска работа,креативност, иновација, високи очекувања и сл.).
- Негување на етичките вредности.
- Создавање емпатична, безбедна, грижлива и здрава училишна средина. Создавање и стимулирање позитивна атмосфера во сите сегментина работењето на училиштето.
- Преземање активности за одржување на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштето и градење позитивна клима и прифаќање и почитување на сите.
- Воспоставување систем што обезбедува сите ученици да се чувствуваат безбедни и прифатени во училиштето без оглед на нивните различности.
- Ги поддржува и се грижи вработените, учениците и родителите да се однесуваат согласно етичките принципи и вредности и обезбедува услови за реализација на активности од областа на инклузија, мултикултурализам, меѓуетничка интеграција, екологија и сл.
- Постојано ги следи заемните односи во колективот и презема мерки за подобрување на училишната клима и култура.
- Информиран е за ранливите категории ученици на ниво на училиште (емоционално, социјално, економски и друг вид запоставени ученици) инивните семејства и обезбедува нивно прифаќање.
- Ги поттикнува и поддржува учениците, вработените и родителите да се грижат за напредокот и развојот на училиштето,околината и едни за други.
- Училиштето ја поддржува реализацијата на програмите на ученичките организации, слободните ученички активности.

### 19.1. Дисциплина

За секој човек да биде успешен во остварување на своите цели важно е да биде дисциплиниран и истраен во своите намери. Како и до сега така и во учебната 2025/2026 година во училиштето сите субјекти во воспитно-образовниот

процес и останатите вработени ќе тежнеат кон воспоставување и почитување на редот и дисциплината во училиштето од страна на учениците, како и создавање позитивна училишна клима во која секој ученик и вработен ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно.

Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето.

Исто така изработен е распоред на дежурни наставници, заради воспоставување на поголема контрола во училиштето. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, како и при приемот и заминувањето на учениците од училиште. Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците и училниците додека за дисциплината во училишниот двор се одговорни вработените од техничкиот персонал.

- Се применува усвоениот Правилник за однесувањето на сите вработени, учениците, родителите.
- Континуирано се работи со учениците за конструктивно решавање на сите училишни прашања (одделенските раководители, ученички парламент, стручни соработници, директор).

**План за подобрување на училишната дисциплина**

| Активност | Задача | Носителна активноста | Времена Реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување распоред за дежурство на учениците во училиштето | Контрола на движењето и посетата на надворешни лица - посетители на училиштето | Директор, Одговорен наставник по распоред | На почетокот на учебна година | Безбедно одвивање на наставниот процес |
| Изготвување распоред за дежурство на наставниците во училиштето | Контрола на однесувањето на учениците за време на одморите во училиштето и училишниот двор | Директор, Одговорен наставник по распоред | На почетокот на учебната година | Контрола на однесувањето на учениците и нивен безбеден престој во училиштето и училишниот двор |
| Дискусија за однесувањето и дисциплината на учениците на состаноците на УЗ | Подобрување на свеста кај учениците за важноста на убавото однесување во целокупното функционирање на училиштето | Одговорните наставници на Училишната заедница и претседателите на УЗ на паралелките | Во текот на учебната година | Соодветно однесување од страна на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Избор на содржини и активности за часовите на одделенската заедница поврзани со дисциплината на учениците | Развивање самокритичност и одговорност кај учениците за сопственото и однесувањето на соучениците | Одделенските раководители и учениците | Во текот на учебната година | Развиена свест и одговорност за сопственото однесување кај учениците и вработените |

**Критериуми за успех** – намален број евидентирани случаи на несоодветно однесување на учениците од страна на дежурните наставници, намален број изречени педагошки мерки за учениците;

**Инструменти** – писмена евиденција од дежурства на наставниците, евидентни листи на одделенските раководители за однесување на учениците, протокол за упатување ученик на разговор кај стручните соработници;

**Индикатор за успешност** – намален број советувања на ученици и родители;

**Одговорен за следење** – директор, одделенски раководители, стручни соработници;

**Повратна информација:**

-подобрување на дисциплината, а со тоа и на ефикасноста на наставата

-почитување на правилата на однесување во училиштето

-намален број на изречени педагошки мерки за учениците

-намален број на повикани родители на советување

-одговорност за сопственото однесување од страна на сите субјекти во Училиштето.

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Сите вработени и ученици во училиштето се задолжени да придонесуваат за естетското и функционално уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација бара соодветно уредување: патронен празник и хепенинзи на различни теми. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангжирање во воспитно -образовниот процес.

Естетскиот изглед на училиштето е значајна обврска за целокупниот работен колектив, затоа што училиштето со својата беспрекорна чистота, уредност и ликовно естетски изглед треба позитивно да влијае на учениците. На тој начин се создава пријатна атмосфера и стимулативна средина за учење и работа. Естетското обликување на просториите во училиштето и украсување на училниците и ходниците е постојана грижа на сите ученици, наставници и останатите вработени а ќе го координира составениот тим. Училиштето води грижа и за зелените површини околу училишната зграда, односно со нивното одржување, засадување на садници и цвеќиња, одржување на урбаната опрема, се труди да создаде естетска целина која е пријатна и за учениците и за вработените. Грижата на сите вработени и учениците во текот на целата година и организираните акции придонесуваат за убавиот изглед на училиштето и училишниот двор.

Во уредување и одржување на просторот во училиштето и дворот ќе учествуваат сите субјекти. Секој наставник пред својот кабинет или училница ќе го уредува паното според потребите и наставните содржини. На сите ходници пред секоја училница поставени се паноа на кои ќе се истакнуваат изработките од учениците.

При организирање на одредени активности во училиштето уредувањето на просторот ќе биде одговорност на наставниците кои ги организираат истите. Во училиштето исто така се води грижа и за училишниот двор, се одржуваат зелените површини, се засадуваат садници и цвеќиња, и се одржуваат поставените клупи. Тоа е грижа на сите вработени кои во одредени периоди на учебната година преку организирани акции заедно со учениците и родителите придонесуваат за убавиот изглед на училиштето.

Училиштето ги исполнува условите за изведување на наставата според одредени нормативи. Постојат пријатни просторни услови за одвивање на наставата, за работата на наставниот кадар и за организирање вонаставните активности на учениците. Големината на училниците се соодветни и во голема мера одговараат според бројот на учениците во паралелката. Се вложува во обезбедување на пријатен простор каде учениците ќе се чувствуваат пријатно и во самата училница ќе се поттикнува чувството дека секој ученик е дел од паралелката и училиштето и можност да се напредува и креативно да се размислува.

Во естетското уредување на просторот ќе бидат вклучени наставниците, учениците, родителите и техничкиот персонал како поддршка. Особено ќе се води сметка за:

- Истакнување на трудови од учениците при што ќе се внимава да нема дискриминација по било која основа, почитувајќи го мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција;
- Поместување на информативни паноа на соодветни места во училиштето со што ќе се придонесе за поголема информираност на родителите.

**Акционен план за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето**

| Активност | Задача | Носителна активноста | Времена Реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Изложување Ученички творби во училниците и ходниците | Одбележувње значајни датуми и поводи | Наставниците и учениците | На почетокот и во текот на целата учебна година | Естетско уредени училници и ходници воучилиштето |
| Ликовно и литературно уредување на паноата во училиштето | Развивање естетски вредности кај учениците | Одговорни наставници | Важни датуми и поводи во текотна учебната година | Украсени паноа со литературни и ликовни творби |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Новогодишен амбиент во училниците и училиштето | Развивање на чувство за естетика кај учениците и грижа за просторот во училиштето | Учениците, одговорни наставници и директорот на училиштето | Декември | Новогодишен амбиент во училниците и ходниците на училиштето |
| Велигденски амбиент во училниците и училиштето | Развивањена чувство за естетика кај учениците и грижа за просторотво училиштето | Учениците, одговорни наставници и директорот на училиштето | Април | Велигденски амбиент во училниците и ходниците на училиштето |
| Есенско и пролетно чистење и садење цвеќиња и садници во училишниот двор | Хорти културно уредување на учлишниот двор | Одговорни наставници и учениците | Октомври, Март | Развиена еколошка свест кај учениците |

**Критериуми за успех –** естетски уреден ентериер и опкружување; Инструменти –анкетни прашалници за родителите и учениците;

**Индикатор за успешност –** записници од увиди на инспекторите од МОН и од ПЕ на МОН-Штип, позитивни искази од ученици и родители и од Локалната заедница;

**Одговорен за следење –** директор,тим за еколошка едукација и тим за естетско уредување на училиштето;

**Повратна информација:**

- естетско уредени училници и ходници во училиштето;
- развиени естетски вредности кај учениците;
- функционалност на просторот и пријатен претстој во училиштето;
- развиена еколошка свест кај учениците

19.3. Етички кодекси

Училиштето има изработено етички кодекс-правилник за однесување на вработените (наставници, стручни соработници, технички персонал), родителите, учениците и разгледан и усвоен е, еко-кодекс. По потреба ќе следи иновирање на текстот на етички кодекс на однесување.

Во училиштето се применува усвоениот Правилник за однесувањето на вработените, учениците, родителите и надворешни лица. Се гради атмосфера на заемно почитување и соработка на сите субјекти во воспитно-образовниот процес. Согласно Законот за основно образование и интерните Правилници за однесувањето во училиштето, поставени се основните принципи и правила за успешно одвивање на воспитно-образовната работа, подобрување на работната дисциплина и безбедноста. Посебно се нагласува потребата од соработка, постапност и конструктивност во пристапот на решавање на различните прашања и проблеми од училишниот живот.

Етичките кодекси за однесување постојано ќе бидат надградувани и надополнувани.

За подобрување на училишната дисциплина во училиштето се изработуваат правилници и кодекси за однесување на вработените, учениците и родителите. Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците. Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето. Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители и според потребите постојано ќе биде надградуван.Надградувањето ќе се спроведува преку демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно. Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето.Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците.

Однесувањето на вработените и учениците ќе биде соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето.

Изложените вредности и норми на Етичкиот кодекс се задолжителни за сите вработени, ученици и родители во ООУ „ Страшо Пинџур “. Со овој кодекс сите се обврзуваат со својата чест дека ќе се придржуваат кон овие определби и норми како составен дел од својата професионална работа. Односите во училиштето се градат врз основа на достоинството и самодостоинството. Сите меѓусебно се почитуваат. Никој не навредува и не повредува друг.

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него (Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Стручни активи).Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него.Во рамките на своите активности, стручната служба ќе организира  индивидуални средби и разговори  со вработените, родители, ученици за подобрување и одржување на добри меѓучовечки односи и меѓусебна комуникација, доверба и соработка. Во контекст на ова ќе бидат организирани и разни начини на дружење и соработка. Нивото на соработка со родителите ќе го одржуваат сите наставници, а посебно одделенските соработници, со помош и поддршка на стручната служба и директорот. Односот помеѓу учениците и наставниците, како и со останатите вработени ќе го одржуваат наставниците исто така со помош и поддршка на стручната служба и директорот.

Како и секоја учебна година училиштето ќе организира заеднички средби и прослави по повод:

Нова година - 31 декември

Патронен празник на  училиштето - 05.март

Ден на жената - 8 март

Полуматурска прослава - на крајот од учебната година

Екскурзии и излети  за учениците и наставниците.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Професионалниот развој претставува сложен процес кој подразбира постојано развивање на наставничките компетенции за да се создаде квалитетен воспитно-образовен процес, а со самото тоа од тој процес да произлезат генерации на ученици кои во понатамошниот живот и работење ќе бележат високо квалитетни постигнувања. Преку професионалниот развој на наставниците се овозможува еден континуиран целоживотен процес на наставникот за стекнување, проширување и продлабочување на неговите знаења како и стекнување вештини и способности за професионално извршување на работните задачи поврзани со наставните и воннаставните активности со учениците. Не треба да се заборави дека преку професионалниот развој наставникот се оспособува да соработува со неговите колеги, училишниот менаџмент, училишната стручна служба како и родителите на учениците и локалната заедница каде функционира училиштето во кое тој работи. Преку континуираниот професионален развој наставникот се оспособува спремен да ги дочека сите промени во сферата на образованието кои ги носи државниот, односно општествениот систем, а тоа значи успешно да се соочи и да ги примени сите новопродуцирани реформи поврзани со образованието.

Појдовната основа во традиционалниот пристап на стручното усовршување на воспитно- образовниот кадар од училиштата тргнува од претпоставката дека е доволно наставниците да бидат информирани за новитетите во воспитно- образовната дејност, кои се осмислени, моделирани и испробани без тие да дадат соодветен придонес во истите. Наспроти ова од големо значење е активното вклучување на базата, односно воспитно- образовниот кадар во сите етапи од истражувањата наменети за воспоставување промени, тргнувајќи од тоа дека:

- воспитанието е специфичен процес за кој многу тешко може однапред да се предвидат и пропишат соодветни решенија;
- во воспитно- образовниот живот, сите суштествени промени треба да бидат поддржани од повеќетно наставници и за истите да има соодветна клима за спроведување во дело;
- на воведувањето новитети во делот на континуиран професионален развој на воспитно- образовниот кадар треба да му претходи евалуација и конструктивна расправа во однос на добиените резултати;
- за евалуација и презентација на постигнатите резултати од своето работење, пред сè се одговорни самите наставници.

Наставниците, стручните соработници и директорот се посветени и ангажирани во активности за обезбедување на повратни информации за работата и поддршка на професионалниот развој на секој поединец во училишто. Училиштето негува култура на доживотно учење и сите (вклучувајќи ги и наставниците/стручните соработници почетници и вработените на определено време) имаат

можност да добијат поддршка соодветна на нивните индивидуални потреби за најдобро да излезат во пресрет на потребите на учениците.

Наставничката професија во општеството има многу значајна улога, наставниците треба да бидат професионалци и континуирано треба професионално да се развиваат. За таа цел потребно е наставникот да поседува солидно општо образование, добро да го познава материјалот и проблемите поврзани со предметот кој го предава, а исто така треба да има и основно познавање од педагогија, психологија и методика на предметот кој го предава од причина што тие се од круцијално значење во реализацијата на успешен воспитно-образовен процес.

Професионалниот развој на директорот, стручната служба и наставниците во училиштето претставува континуиран процес на стекнување, проширување и продлабочување на знаењата, вештините и способностите кои се релевантни за подигање на квалитетот на неговата работа. Професионалниот развој на директорот , стручната служба и наставниците е долгорочен процес кој во голем дел се одвива во самото училиште во кое работи по модел на соработничко учење кое го препознаваме како многу корисно и надвор од него.

Основа на која се заснова ваков облик на стручно усовршување подразбира тимска работа која дава можност за соработка, создавање и размена на идеи, што ќе овозможат поголема ефикасност, развивање на нови успешни пристапи, збогатување на сопственото знаење, развивање на мислењето и формирање нови современи погледи.

Професионалниот развој на наставниците може да се спроведува во и надвор од училиштето. Кој начин и да се одбере, важно е професионалниот развој да биде континуиран, добро испланиран, применлив и функционален, а на крај преку него да се зголеми професионалниот ангажман и знаење на наставницита со цел кај учениците да се бележи напредување и успех во совладувањето на наставниот материјал содржан во наставните програми.

Училиштето во однос на професионалниот развој на наставниците треба да спроведува нагледни часови, кои подоцна ќе подлежат на дискусија и анализа. Училиштето треба да спроведува сопствени истражувања поврзани со воспитно- образовниот процес, проекти во кои главниот интерес ќе биде насочен кон воспитно- образовниот процес, најразлично усовршување на наставниот кадар насочено според потребите кои ги имаат наставниците за поуспешно изведување на воспитно-образовната дејност.

За професионалниот развој на наставниците посебно се грижи и Министерството за образование и наука и другите релевантни институции кои функционираат во негов состав, од кои најзначајна улога во професионалниот развој на наставниците има Бирото за развој на образованието.

Обуките и програмите се спроведуваат преку: изготвени програмски обуки, стручни патувања, студиски посети, стручни собири, разни видови на организирани работилници, семинари, вебинар и сл.

Професионалниот развој на наставниците може да се остварува преку стручни собири. Под стручни собири се подразбираат: конференции, симпозиуми, тркалезна маса, конгреси, советодавни состаноци, трибини, пленарно.

20.2. Активности за професионален развој

Професионалниот развој на наставникот е континуиран процес и предуслов за квалитетна воспитно образовна работа, ефективно учење и високи постигања.Составен дел на професионалниот развој е стручното усовршување, односно стекнување нови и усовршување на постојните компетенции на воспитно-образовниот кадар. Училиштето има воспоставен систем за планирање и реализирање на стручното усовршување на наставниот кадар. Во училиштето се подготвува годишна програма за програма за професионален развој, сите реализирани активности се следат преку водење на соодветна евиденција и документација, секој наставник изготвува личен план за професионален развој и се изготвува извештај за реализација на планот.

20.3. Личен професионален развој

**САМОПРОЦЕНКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ И ИЗРАБОТКА НА ЛИЧЕН ПЛАН ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ**
Секој наставник прави самопроценка на неговите компетенции врз основа на следните насоки: планирање и реализација на наставата, оценување, создавање на клима и средина за учење, социјална и образовна инклузија со учениците и родителите, професионален развој и соработка. Наставниците ги подредуваат по важност и истакнуваат листа на оние кои има се најважни. Врз основа на овој план се изработува планот за личен развој на наставникот. На крајот на полугодието секој наставник го ревидира и го надополнува својот план за личен развој.

Во делот на самопроценка и идентификување на потребите од професионален развој на ниво на училиште се преземени следните активности

- Ревидирање на тимот за професионален и кариерен развој на наставниците;
- Изработка на план за потреби од професионален и кариерен развој на ниво стручни активи;
- Активности кои ќе се реализираат за професионалниот развој на ниво на училиште и надвор од него;
- Изготвување програма на ниво на стручен актив за професионално и стручно усовршување;
- Финализирање на програмата за професионален развој на наставниците за 2025/26 година

Тимот за професионален развој во текот на целата година ќе има за задача да го следи професионалниот развој и да ја следи реализацијата на програмата за работа на истиот. Се следат ефектите од професионалниот развој и се евидентира секој дел од реализираните работилници, обуки и слично. Тимот има за задача да го изготви и годишниот извештај за работа.

Стручните активи имаат за задача да ги идентификуваат компетенциите кои е потребно да се развијат во текот на 2025/26година и да се направи проценка на оние компетенции кои се најдобро развиени кај наставниците од стручниот актив, од училиштето или од други училишта.
Стручните активи исто така истакнуваат кои од активностите за развој на компетенциите треба да се развијат и на кој начин, односно што треба да се превземе во текот на годината во врска со нивниот развој. Во овој дел треба да се обрати внимание и на планот за личен развој на наставниците.
Претседателите на стручните активи ја изготвуваат програмата за професионален развој на ниво на стручен актив и ја доставуваат до тимот.

Бирото за образование во месеците Јуни/Јули 2025год. континуирано согласно воведувањето на Концепцијата за основно образование  и во седмо одделение од учебната 2025-2026 година вршеа онлине обуки по сите предмети на наставниците кои што ќе реализираат настава наредна учебна година во седмо одделение 2025-2026 год.

### 20.4. Хоризонтално учење

Еден од начините на професионален развој во училиштето е хоризонталното учење (наставниците учат едни од други) и подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаењата и размена на професионалните искуства , внатре во училиштето, како и помеѓу повеќе училишта. За хоризонталното учење е посебно важна тимската работа во училиштето која овозможува создавање и развивање нови идеи и поголема продуктивност на секој поединец.

### 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Согласно новата Концепција за основно образование и периодично менување на самиот концепт на наставата,секој наставник е вклучен во обуки за план и реализација согласно новите измени организирани од разни обуки на Бирото за развој на образованието.
Во учебната 2025-2026 година ќе се изработи план за поддршка на воспитно-образовниот кадар за нивно кариерно напредување преку десиминации, вебинари, посета на обуки, работилници и сл.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Родителите се вклучуваат во воспитно - образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот

на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор. На родителски средби, родителите се запознаваат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот. Во текот на учебната 2025/2026 година се планирани најмалку пет редовни родителски средби од кои две во прво и три во второ полугодие. Со свои предлози и лично вложување родителите учествуваат во организизација на забави, екскурзии и други манифестации. Учеството на родителот може да биде непосредно, при што родителот има можност да ги изнесе своите мислења, очекувања и барања (родителски состаноци, трибини и сл.) и посредно (здруженија на родители, совет на родители и сл.). Воспоставувањето на соработката започнува уште на самиот почеток со интересот на родителот за вклучување на детето/ученикот во основно училиште, најчесто преку индивидуален разговор, како еден од првите облици на соработка помеѓу родителот - директорот, стручниот соработник.

**<u>Соработката меѓу наставникот и родителите се развива врз основа на овие форми:</u>**

**- Индивидуален разговор:**

Истите према карактерот можат да бидат информативни,кога родителите се информираат за успехот и поведението на учениците. Планирани се посебни приемни денови за индивидуални средби со родителите со определени термини заради непречено одвивање на наставниот процес. На тие средби акцентот ќе биде насочен на индивидуалниот воспитно - образовен развој на ученикот како и на целосната негова социјализација во средината.

**- Групни родителски состаноци:**

Каде се гледаат глобално проблемите во оделението и каде воспитно се влијаее за зголемувањето на педагошката култура и педагошкото просветување на родителите. Планирани се пет родителски средби, на кои покрај успехот и дисциплината на ученикот ќе се разговара и за начините на кој би се подобриле условите во училиштето и за тековни работи кои се случуваат во училиштето. Родителите за успехот на учениците ќе бидат известувани на следниов начин:

• усно( во текот на индивидуалните средби)

• писмено ( преку евидентни листови)

Совет на родители се избира од редот на родителите на учениците.
Совет на родители се избира од редот на родителите на учениците кои не се вработени во училиштето.Членовите на Советот на родителите се бираат од страна на родителскиот одбор од секоја паралелка,а тројца од родителите се делегираат како претставници во Училишниот одбор.

Советот на родители:

- Ја следи воспитно-образовната работа во училиштето;
- Дава свои предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес на учениците;
- Дава предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученици - наставници - родители;
- Зема активно учество во совладување на проблемите кои се јавуваат во развојот и воспитувањето на учениците, а пред се во спречувањето на негативните појави како што се: насилно однесување, алкохолизмот, пушењето, наркоманијата и слично;
- Советот на родители избира свои преставници во Училишниот одбор;
- Учествува во изготвување на правилници и врши и други работи во интерес на успешноста на работата.
- Советот на родители поради поефикасно организирање и работа, донесува сопствена годишна програма.

**Вклучување на родителите во планираните активности во училиштето:**

Во текот на учебната година зависно од програмското подрачје за работа родителите би ги вклучиле во активности според професии и занаети во кои тие се вклучени, а истите во наставата би придонеле за поуспешно реализирање и остварување на поставените цели.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Информации за наставниот процес се пласираат преку континурана соработка со Училишниот одбор, директорот, наставниот кадар, стручната служба и учениците. За максимално квалитетна реализација на наставниот процес, по потреба се вклучуваат и родителите споделувајќи ги своите професионални знаења и искуства.

На редовните родителски средби родителите се информираат за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во евидентни листови. На индивидуалните средби наставниците им даваат јасни и конкретни напатствија на родителите како најдобро да им помогнат на своите деца во процесот на учење.

Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на оредени професии, струки и занимања.

Познати се неколку облици на вклученост на родителите во процесот на учење, во активностите и во донесување одлуки:

- Учеството на родителите во работата со децата/учениците е исто така облик на соработка и се однесува на вклучување на родителот како реализатор на некои воспитни/наставни активности, пример: интервју со лица од заедницата, учење за карактеристиките на некои професии и сл,; или пак вклучување на родителот како соработник во процесот на адаптација на детето/ученикот во групата, во организацијата и реализацијата на работилници, семинари, трибини и различни манифестации и случувања;

- Советот на родители придонесува во подобрување на условите за работа и унапредување на реализација и на воннаставните активности во училиштето. Истовремено Советот на родители дава потполна поддршка на училиштето во спроведување на проектите што треба да се реализираат во текот на учебната година. Соработка е воспоставена на начин што некои родители одржуваат предавања, работилници, изработуваат помошни наставно - дидактички средства, изработуваат разни проекти или земаат учество во изработка на проекти. Родителите активно се вклучени и при давањето помош на своите деца во изготвување на домашните задачи, во организацијата да се посетат културни институции, како музеј, театар, при организирање на екскурзии, спортски натпревари и др.
- Пишувана комуникација – се однесува на преносот на информации по пат на кое секое дете/ученик ги носи во домот од училиштето. Се остварува по пат на белешки, брошури, весници, кутии за сугестии, портфолија.
- Креативни паноа - ги изработуваат децата/учениците во соработка со учителите (воспитувач, наставник) и најчесто се изложени во ходниците или училниците и нудат можност да родителот го следи напредокот на сопственото дете/ученик;
- Отворен ден за родители - Овие денови наменети за родителите се организираат еднаш месечно или пак на повеќе месеци и наменети се за решавање на проблеми кои произлегуваат од секојдневниот живот и работа во училиштето.
- Комуникација преку web страна-Училиштето има своја веб страна на која се пласирани информации, соопштенија за тековните, претстојните случувања во училиштето;
- Приредби – како облик на соработка постојат од дамнина, почести во училиштето, поретко во училиштата. Истите нудат можности за согледување на воспоставената взаемна доверба и однос на релација учител - дете/ученик, придонесуваат за јакнење на самодовербата и чувството на сигурност;

- Разговори со стручни соработници – облик на соработка кој се остварува на почеток на влез на детето во воспитно-образовната институција, но и соработка која продолжува а се однесува на неопходност од стручна помош во решавање и насочување за решавање на конкретни проблеми за кои се потребни стручни знаења.
- Родителите на сите ученици кои имаат три и повеќе слаби оценки, десет и повеќе неоправдани изостаноци, како и на учениците кои манифестираат несооодветно однесување согласно законот се поканувaат на Советување на родители кое што го води психологот на училиштето. Е-дневникот и СМС пораките им овозможуваат на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашните задачи.
- Преку Советот на родителите, Училишната заедница, Училишниот Одбор, родителите активно партиципираат во давање предлози, идеи како и во носење одлуки во училиштето кои што се од витално значење за функционирање на училиштето, наставниот процес и воннаставните активности.

Училиштето поттикнува и неформално дружење помеѓу наставниците, учениците и нивните родители преку ангажман во организацијата на училишните акции и проекти како на пр.:„ Подари книга“ , „ Подари садница“, „Велигденски хепенинг”,„Новогодишен хепенинг “ како и многу други.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Соработката со родителите е една од најважните задачи на училиштето, како нераскинлив дел од триаголникот училиште - ученици - родители. Училиштето и оваа година ќе реализира програма за советување на родители, за учениците кои се опфатени со правилникот за реализација на истата. За оние теми кои стручната служба и директорот на училиштето ќе увидат дека е потребен третман - ќе се реализираат со родителите на учениците кои се засегнати. Во тој поглед, училиштето ќе организира едукативни, советодавно-консултативни работилници и предавања за родителите или ќе обработува некои од темите преку соопштенија, флаери или брошури.

Ќе се организираат едукативни работилници за родители во склоп на работата на Советот на родители, родителски средби и други форми на работа со родителите, средби со стручната служба во функција на советување на родителите, како и индивидуални средби и средби во мали групи од едукативен карактер.

Училиштето формира тим за подготовка и реализација на брошура за родители која содржи информации за мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, за

материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, и други потребни информации.

## ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ, УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат основните правила на однесување на вработените, учениците, родителите и други лица. Член 2

Со почитување на правилата се обезбедува: успешно одвивање на воспитно- образовната работа; подобрување на работната дисциплина; безбедност во училиштето и заштита на училишниот имот.

Член 3

Во училиштето се изградуваат и развиваат меѓусебни односи на разбирање и почитување.

Член 4

Во училиштето не се дозволени активности со кои се загрозуваат, омаловажуваат или дискриминираат поединци или групи по било каков основ.

Член 5

Ученикот има право да ја посетува наставата и да учествува во воспитно- образовната работа во училиштето.

Член 6

Ученикот има обврска редовно да ја посетува наставата и да ги исполнува планираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план.

Член 7

Забрането е телесно и психичко малтретирање наученикот.

Член 8

За учениците кои ги прекршуваат правилата на воспитно-образовната работа се применуваат мерки што се утврдени со Законот за основно образование (чл.72).

Член 9

Учениците се пофалуваат и наградуваат на начин утврден со Законот за основно образование (чл.75).

Член 10

Вработените имаат обврска со својата работа, однесување и изглед да придонесуваат за угледот на Институцијата.

Член 11

- вработените имаат обврска да се грижат за остварување и почитување на правата, обврските и одговорностите на учениците;

- наставникот е одговорен за работната атмосфера, дисциплината и безбедноста на учениците на часот;
- секој училишен проблем наставниците треба да го решаваат *навремено, конструктивно, постапно* (наставник-ученик, наставник-ученик- одделенски раководител, наставник-ученик-родител, наставникученик-стручна служба);
- одделенскиот раководител е должен да биде во постојана комуникација со родителот, навремено и конкретно да го информира, да бара ангажман и соработка во решавање на проблемите;
- не е дозволено наставникот да отстранува ученици од часот;
- наставникот има обврска да го прими на час ученикот кој доцни и истото да го евидентира;
- вработените имаат обврска редовно и на време да доаѓаат на работа;
- наставниците се должни да дојдат во училиште најмалку 30 мин. пред почетокот на часот;
- дежурните наставници се должни да дојдат во училиште најмалку 30 минути пред почетокот на наставата;
- за секое отсуство од работа или предвремено заминување, треба да биде известен директорот;
- вработените треба да доаѓаат на работа прикладно облечени (не е дозволено носење на кратки здолништа и маици, длабоко деколте, прозирна облека и сл.), водејќи сметка дека со својот надворешен изглед придонесуваат за угледот на својата професија и воспитно делуваат научениците;
- наставниците за време на часовите не треба да користат мобилен телефон;
- наставниците и стручните соработници се должни редовно и активно да се вклучуваат во работата на Стручните органи на училиштето;

непочитувањето на правилата од чл.10/11 на овој Правилник ќе биде санкционирано согласно Законот за работни односи на РСМ

Член 12

- ученикот треба да дојде во училиште најмалку 10 минути пред почетокот на часот;
- ученикот кој задоцнил, има обврска да влезе на часот и без да попречува да се вклучи во работата;
- за секое отсуство од часовите ученикот е должен навреме да го извести одделенскиот раководител (или предметниот наставник, стручната служба, директорот);
- ученикот не смее без одобрение од наставникот да го напушти часот;
- ученикот треба културно и коректно да се однесува кон другите ученици, наставниците и вработените во училиштето;
- ученикот треба да се воздржува од употреба на навредливи зборови, поттикнување и учество во тепачки;
- за решавање на проблемите во односот со другите ученици, наставниците или други лица ученикот треба да побара помош од одделенски раководител, наставник, педагог, психолог, директор;
- ученикот треба да биде прикладно облечен, да се грижи за личната хигиена и уредност;

- ученикот не смее да носи опасни предмети и средства кои може да ја загрозат безбедноста во училиштето (спрејови, петарди, камења, шипки, т.н.боксери, ножиња, запалки и др. Слични предмети);
- ученикот треба да се грижи за училишниот инвентар;
- за време на часовите ученикот не треба да користи мобилен телефон;
- по завршување на училишните активности и обврски ученикот треба мирно да замине од училиштето и училишниот двор.

Член 13

Родителите на учениците и други надворешни лица имаат обврска да ги почитуваат правилата и другите општи акти на училиштето.

Член 14

Родителите и другите надворешни лица при влегување во училиштето имаат обрска да се пријават кај дежурното лице (обезбедувањето).

Член 15

Родителите на учениците и други надворешни лица треба да се однесуваат културно и коректно кон учениците и вработените во училиштето.

Член 16

- родителите треба редовно да се интересираат за учењето и однесувањето на своето дете;
- родителите треба да соработуваат со одделенскиот раководител и предметните наставници и редовно да доаѓаат на родителските средби;
- родителите треба училишните проблеми да ги решаваат низ *директна и конструктивна комуникација, исклучиво* со одделенскиот раководител, наставниците, стручната служба, директорот.
- *<u>Не е дозволено родителите да се расправаат со соучениците на своето</u> <u>дете.</u>*
- родителите се должни навремено да ги најавуваат и оправдуваат отсуствата на своето дете;
- родителите треба да го почитуваат временскиот распоред на часовите и да не влегуваат во училница за време на наставата;
- секоја намерно направена штета од страна на ученикот, родителот е должен да ја надомести.

# АКЦИОНЕН ПЛАН - СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ

| Задача | Активност | Временска рамка (месец) | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | Инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Запознавање со планот и програмите кои ќе се реализираат во текот на годината (кои учебници ќе се користат, наставни помагала, наставен прибор и др.). Информирање за сите новини активности во новата учебна година. Запознавање на родителите со куќниот ред во училиштето (постапка при оштетување училишен инвентар).<br><br>Соопштенија од родители за наставници за постоење специфичности кај своите деца. | Реализирање родителска средба | септември | -Одделенски Раководители<br>-Родители | Наставен план и програми | | Поголема ефикасност во воспитно-образовната работа и реализација на поставените цели според планот и програмата | одделенски раководители |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Информирање на родителите за образовните постигања на учениците, однесувањето, одговорноста и соработката со наставниците и со учениците. Советување за полесно прилагодување на ученикот. Пофалби и изречени педагошки мерки на ученици. Предлози од родители за подобрување на успехот, редовноста и поведението. | Реализирање индивидуални средби со родители | Во текот на целата учебна година | -Одделенски Раководители<br>-Родители | Листи за бележење на постигањата на учениците<br><br>Писмени проверки<br><br>Изработки<br><br>Анегдотски белешки | | Целосна слика за ученикот и подобри постигања | одделенски раководители |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. Учество на родителите во организацијата на училишниот живот | Партиципирање во Советот на родители и Училишниот одбор | септември -јуни | Совет на родители<br><br>Училишен одбор | Записници | | Зголемена соработка со училиштето и заедничко решавање на многу прашања | директор<br><br>претседател на Совет на родители и Училишен одбор |
| 4. Соработка при реализирање на активности во училиштето (ЗДРАВА ХРАНА, НОВА ГОДИНА, ВЕЛИГДЕН) | Реализирање хуманитарни и еколошки акции | Повремено во текот на учебната година | Родители<br><br>Наставници<br><br>Ученици | Активна вклученост, подршка и партиципирање со идеи и предлози за реализирање на активностите | | Поддршка на учениците за стекнување навики за заштита на животната средина и чуство за хуманост. | Совет на Родители<br><br>Детска организација<br><br>Ученичка заедница |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. Едукација на родителите за актуелни теми | Учество во работилници | Повремено во текот на учебната година | Одбор на родители во рамките на паралелката наставници стручни лица | Презентации<br><br>Интерактивни средби | | Поголеми сознанија за теми поврзани со учениците | директор наставници педагог стручен актив |
| 6. Соопштување на успехот и поведението на учениците во секој класификационен период<br>Пофалби и изречени педагошки мерки на ученици.<br>Предлози од родители за подобрување на успехот, редовноста и поведението. | Реализирање Родителска средба | Ноември | Одделенски раководители<br>Родители | Групни и индувидуални средби | Евидентни листови збирка на докази (ученичко досие) ученички трудови листи заследење | Подобри постигања во воспитно-образовниот процес. | одделенски раководители |
| 7. Реализација на Програма за советување на родители | Реализирање советување на ученици и родители | Во текот на целата учебна година | педагог родители | Презентација на програмата и дискусија | Записници | Унапредување на родителските вештини за полесно справување со предизвиците од детскиот развој како и подобрување на квалитетот на животот на детето и неговите училишни успеси. | педагог |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. Полугодишен извештај за паралелката за воспитно - образовните резултати на учениците.<br>Запознавање на родителите со поединечниот успех на своите деца.<br>Активности на наставниците и родителите за учениците со слаб успех во второ полугодие.<br>Препораки од одделенскиот совет за родители. | Реализирање Родителска средба | јануари | Одделенски раководители<br>Родители | Групни и индувидуални средби | Евидентни листови збирка на докази (ученичко досие) ученички трудови листи заследење | Подобри постигања во воспитно-образовниот процес. | одделенски раководители |
| 9 Запознавање на родителите со успехот, редовноста и дисциплината на учениците од паралелката по завршување на третиот наставен период.<br>Заедничка акција на родители и наставници како мерка за намалување на ризикот за<br>повторување и подобрување на сеопштиот успех на паралелката. | Реализирање Родителска средба | април | Одделенски раководители<br>Родители | Групни и индувидуални средби | Евидентни листови збирка на докази (ученичко досие) ученички трудови листи заследење | Подобри постигања во воспитно-образовниот процес. | одделенски раководители |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Запознавање на родителите од учениците од IXодделение со условите за запишување на нивните деца во средните училишта | | | | | | | |
| 10Осврт врз годишниот успех, редовноста и поведението. 2. Пофалени, наградени и педагошки мерки за учениците од паралелката. | Реализирање Родителска средба | јуни | Одделенски раководители Родители | Групни и индувидуални средби | Евидентни листови збирка на докази (ученичко досие) ученички трудови листи заследење | Подобри постигања во воспитно-образовниот процес. | одделенски раководители |

**22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште**

Меѓусебните односи на училиштето ООУ „Страшо Пинџур“- Карбинци со јавноста се градат врз принципот на заемното влијание, односно училиштето влијае врз јавноста и средината, но прима од неа сè што е позитивно. Соработката со јавноста се насочува на можноста програмските содржини на одредени институции да послужат за едукација и воспитно делување врз нашите ученици, но и за професионален развој на наставниот кадар. Преку комуникацијата со јавноста, нашето училиште врши и промоција на целокупните училишни активности. Училиштето континуирано прави маркетинг преку медиумски настапи, училишната веб-страница (https://ou-strasopindzur.mk/) и училишниот весник.

Улогата на комуникацијата во јавноста во работата на современото училиште е посебно значајна за формирање на имиџот на училиштето и промоција на работата на училиштето. Таа е одлика на транспарентноста на активностите на училиштето на дваесет и првиот век.

**Локална заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население)**

Соработката на нашето училиште со локалната средина е од посебно значење со единствена цел училиштето што повеќе да се доближи до локалната средина и да се афирмира како културен и образовен центар.

Воспитно - образовната работа на ова програмско подрачје ја планираме со цел да се стават во педагошка функција сите ресурси што може да ги понуди локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето. Преку таа соработка, нашето училиште влијае на подигнување на културно - образовното ниво на локалното население. Односите се градат врз принципот на заемно влијание, односно училиштето влије врз средината, но и прима од истата сè што е позитивно и корисно. Комуникацијата со локалната заедница се остварува преку усна, пишана и електронска форма. Преку ова подрачје ги оствaруваме следните задачи: искористување на стручни, културни и материјални можности на локалната средина за подобрување на квалитетот на воспитно - образовната дејност на училиштето, информирање на пошироката јавност за работата и резултатите што ги постигнува училиштето

Со цел да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во локалната заедница и пошироко, училиштето по пат на презентации, соопштенија и публикации континуирано го унапредува квалитетот на соработката со локалната заедница.На тој начин овозможува стекнување доверба, создавање добра волја и поволно мислење како член на заедницата. Училиштето соработува и изведува организирани посети на институции од локалната заедница и пошироко. Дел од културно образовните активности во училиштето се реализираат во соработка со населението од локалната средина и се превземаат најразлични акции на соработка кои се од интерес и на училиштето и на локалната средина. Особено значајна е соработката на училиштето со бизнис заедницата.Соработката со локалната заедница ќе продолжи да се одвива во рамките на редовната настава и преку ВНА и истата претставува активно вклучување на училиштето во средината во којашто е лоцирано преку разновидни форми за соработка за подобрување на квалитетот на животот во заедницата. Ќе се одвива континуирана електронска комуникација, но и лична, усна комуникација. Преку различни активности, манифестации, акции и презентирање на резултатите и достигнувањата од работата, училиштето ќе ја продолжи соработката со локалната средина. Ќе се прави попис на достигнувањата во училиштето и промоција преку брошури, флаери, континуирано одржување на веб-страницата на училиштето, транспарентност и јавност преку огласна табла. Ќе се решаваат заеднички проблеми на локално ниво, со што ќе се придонесе за развој на локалната заедница на културно и образовно ниво. Училиштето ќе се вклучува и во решавање на одредени комунални проблеми, а посебно ќе се стреми со локалното население да го уреди дворот и околината на училиштето. Училиштето активно ќе соработува со локалната самоуправа во Општина Карбинци. Учениците ќе учествуваат во сите организирани активности и манифестации на ниво на општина, посебно во делот на одбележување на Денот на општината и други манифестации во спортските, културно-уметничките програми и наградните конкурси. Активности во текот на годината:

- одбележување јубилејни прослави и меѓународни денови
- спортски активности
- работни и хуманитарни акции
- запознавање на локалната средина преку посети и излети
- континуирани средби и активности со локалната заедница
- соработка со други институции и основни училишта преку учество на проекти
- одбележување на денот на училиштето
- учество на организирани настани,манифестации ,промоции во соработка со локалната заедница
- организирање и учество во приредби и изложби
- соработка со деловната заедница
- соработка со родители, месно население
- учества во организирани еко-акции
- учества во општински ученички натпревари

**Институции од областа на културата**

За подигнување на културното живеење и развивање љубов кон уметностите (филмска, театарска, ликовна, литературна) се реализираат посети на институции од културата. Исто така задолжително се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои учениците земаат активно учество под менторство на наставниците.

**Институции од областа на образованието**

Училиштето има постојана и плодна соработка со следниве институции од областа на образованието:

- Министерство за образование и наука (МОН);
- Биро за развој на образованието (БРО);
- Државен просветен инспекторат (ДПИ);
- Секторот за основно образование како дел на општините Штип и Карбинци за непречено одвивање на образовниот процес, размена на информации, доставување на разни извештаи, помош во работењето и сл.
- Детската градинка“Кокичиња’’во с.Таринци, за запишување на ученици за прво одделение.

- Основните училишта од општина Штип и пошироко, за размена на информации и искуства и взаемна помош во работата на Средните училишта од општина Штип и пошироко за следење на учениците кои учеле во нашето училиште, потврда за упис, професионална ориентација и сл.

**Невладини организации**

Со наведените институции училиштето воспоставува најразлични форми на соработка: советодавна, консултативна и стручна помош, стручно усовршување на наставниот кадар, координирање на работата, размена на искуства на наставниот кадар, меѓуучилишни натпревари, професионална ориентација на учениците, менторирање на студенти од факултетите, користење на стручна литература, учество на трибини и предавања, реализација на европски проекти од програмата Еразму.

Училиштето ќе продолжи да соработува со невладини организации како што се:

- СОС- Детско село;
- Црвениот Крст;
- ПАКОМАК;
- Меѓаши и други невладини организации кои ќе пружаат помош и поддршка во воспитно-образовниот процес.

**Спортски друштва**

Училиштето ќе продолжи да соработува со спортски клубови во кои членуваат наши ученици и кои ќе пројават интерес за соработка со нашето училиште.

**Здравствени организации**

Училиштето ќе продолжи да соработува со институциите кои се директно поврзани со грижата за здравјето на учениците, а тоа се:

- Здравствен дом-Штип;
- Центар за социјални работи-Штип;
- Заводот за ментално здравје и други.

Во текот на годината ќе се организираат предавања и работилници на различни теми од областа на здравствената заштита на учениците, спроведени од стручни лица, надворешни соработници или од Црвениот Крст. Одговорни лица ќе бидат

стручните соработници, одговорните на Црвениот Крст и еден одделенски и еден предметен наставник. Целта на овој вид на едукација е да се прошират знаењата на учениците и да се развива свеста за значењето на здравјето.

**Медиуми**

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности , како и натпревари од забавно спортски карактер, учество во тв емисии, трибини, ликовни колонии и литературни манифестации.Информирањето за активностите на учениците се одвива континуирано во текот на целата учебна година годината преку разни списанија и весници,стручни списанија, како Просветно дело , Арс Ламина и други.

Училиштето ќе печати флаери и брошури, а преку училишната Facebook страна и веб страната на училиштето (https://ou-strasopindzur.mk/) ќе се промовираат сите активности во училиштето. Ќе продолжи промовирањето на училишните активности и постигнувањата на учениците преку електронските и печатени медиуми. Медиумските активности за афирмација на работата на училиштето ќе се реализираат во соработка со наставниците, директорот и Советот на родители.По потреба учество на училиштето во националните ТВ за претставување и промоција на актуелни настани и проекти.

**23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште**

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Целокупниот воспитно-образован процес во училиштето | Преку целата учебна година | Директор<br>Педагошко-психолошка служба<br>Наставен кадар<br>Технички кадар | Директор<br>Општина |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на активностите предвидени со годишната програма за работа на училиштето се реализира преку целокупниот придонес на целиот воспитно-образовен наставен и ненаставен кадар во училиштето,учениците,учеството на родителите...
Во овој процес посебно внимание се посветува на собирање на докази односно податоци поврзани со индикаторите односно критериумите за успех,со формирани заклучоци и препораки.Тоа се реализира преку извештаите на тримесечие,полугодие,второ тримесечие,крај на година,каде што преку реализација на Наставнички совети,Совет на родители,Училишен совет, се известуваат наставниците,родителите,локалната заедница,за реализираните активности на училиштето преку целата учебна година.

## 25. Заклучок

Во финалниот,краен резултат од евалуацијата на сите активности се согледуваат до каде сме како училиште,дали сме ги реализирале сите предвидени активности,критериуми за успех и сл.Доколку сме ги реализирале,во соработка и тимска

работа на Наставнички совети,Совет на родители,Училишен совет,наставниците,родителите,локалната заедница-за наредна учебна година поставуваме други цели,активности и критериуми,доколку поради некоја причина не сме ги целосно реализирале,ја наведуваме причината и се стремиме догодина да ја реализираме и доусовршиме нашата цел за поголем и подобар успех на целото училиште во целост.

**26.Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште**

1.Наталија Костова-Директор
2.Педагошко-психолошка служба
3.Тимови од наставници за изработка на дел од Годишната Програма за работа на училиштето за учебната 2025-26год.

**Бар код на училиштето**

- Место за печат

Датум  и потпис на директорот________________________

Директор: Наталија Костова________________________

- Потпис на претседател на УО
  Претседател на УО: Благојчо Китанов _____________________

## Тимови за изработка на делови од Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2025/2026година на ООУ„Страшо Пинџур“-Карбинци

**ТИМ - Катерина Андонова и Маре Стојилова:**

1. Мисија и визија
2. „LESSONS LEAMED“ – Веќе научено/стекнати искуства
3. Подрачја на промени, приоритети и цели

3.1.План за евалуација на акциските планови

**ТИМ - Ивана Митевска и Оливера Минова:**

1Воннаставни активности
1.1Училиштни спортски клубови
1.2Секции/клубови
1.3 Акции

**ТИМ – Билјана Донева и Силвана Ј.Бинова:**

1.Вонучилишни активности
1.1Екскурзии, излети и настава во природа
1.2Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности
1.3Натпревари за ученици

**ТИМ – Фатиме Исмаил и Јагода Митева:**

1.Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција

**ТИМ - Горица Смилкова и Цветанка Алексова:**

1Оценување
1.1Видови оценување и календар на оценување
1.2Тим за следење, анализа и поддршка
1.3Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на образованиот кадар
1.4Самоевалуација на училиштето

**ТИМ – Деспина Паунова и Радмила Стефанова:**

1.Грижа за здравјето
1.1Хигиена во училиштето

1.2Систематски прегледи
1.3Вакцинирање
1.4Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштето

**ТИМ - Викторија А.Голубова и Даниела Алексова :**

1.Училишна клима
1.2 Дисциплина
1.3 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето
1.4.Етички кодекс
1.5.Односи меѓу сите структури во училиштето
1.6.Соработка на основното училиште со родителите/старателите
1.7.Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето
1.8.Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонnаставните активности
2.Едукација на родителите/старателите

**ТИМ –Тони Наумов и Мартина Горгиева:**

1.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

АКТИВИ НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ-Претседатели:
Одделенска настава- Даниела Алексова
Општествени науки- Маријана Јанкулова
Странски јазици- Викторија А.Голубова
Природни науки- Зоран Трајанов
Вештини(ФЗО,Ликовно и Музичко)- Илија Кикиритков
Матетматика/Информатика/ТО Силвана Ј.Бинова